Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 322, 15 мај 2023 година

мај 2023 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОЦИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 3

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ СИМУЛАЦИЈА И ОБРАБОТКА НА ИНФОРМАЦИИ НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 37

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА КОНФЕКЦИСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ“ (ПРАКТИКУМ) ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р САШКА ГОЛОМЕОВА ЛОНГУРОВА, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП И РЕД. ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 54

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА“ (Е-УЧЕБНИК) ОД ПРОФ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА БОШКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА,УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 56

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА“ (ПРАКТИКУМ) ОД ПРОФ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА БОШКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 61

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ “GRÜNDUNG DER UNABHÄNGIGEN REPUBLIK MAKEDONIEN INNENPOLITISCHE LAGE UND AUßENPOLITIK” ОД АВТОРИТЕ ВОНР. ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МАРОЛОВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП И М-Р ОЛИВЕР МИТЕВ** ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА МИТЕВА-КАЦАРСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 69

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО - НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ 72

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски
Лектор: проф. д-р Ранко Младеноски
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОЦИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1102-55/3 од 23.3.2023 година, донесена на 239. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 21.3.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *Социјално право (50821)* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

1. Проф. д-р Тодор Каламатиев – претседател, редовен професор во пензија, наставно-научна област Трудово право;
2. Проф. д-р Лазар Јовевски – член, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област Трудово право;
3. Проф. д-р Борка Тушевска Гавриловиќ – член, редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област Деловно право.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 11.3.2023 година и во предвидениот рок се пријави една кандидатка – д-р Билјана Тодорова, вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата на кандидатката вонреден професор д-р Билјана Тодорова, поднесена во архивата на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Северна Македонија, на ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А – 2000 Штип, е навремена, комплетна и уредна, а ја содржи следнава целосна документација дадена во прилози:

1. Диплома за одбранет докторски труд во оригинал и три копии заверени кај нотар;
2. Диплома за одбранет магистерски труд во оригинал и три копии заверени на нотар;
3. Диплома за завршени додипломски студии во оригинал и три копии заверени на нотар;
4. Уверение за положени испити на постдипломски студии, среден успех 9,25;
5. Уверение за положени испити на додипломски студии, среден успех 9,40;
6. Кратка биографија во четири примероци;
7. Список на објавени научни и стручни трудови;
8. Уверение за завршен степен по англиски јазик;
9. Еден примерок од докторски труд;
10. Уверение за државјанство од 10.3.2023 година;
11. Објавен учебник за предмет Социјално право, достапни на Е-библиотека на УГД, на следниот линк http://e-lib.ugd.edu.mk/1117;
12. Потврда за рецензент на трудови од областа Трудово право во меѓународно научно списание на Правен факултет, Balkan Social Science Review;
13. Потврда за рецензент на трудови од областа Социјално и трудово право во Зборник на трудови од Шестата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“ на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

14. Потврда за рецензент на трудови од областа на Социјално, трудово и еколошко право во меѓународен Зборник на трудови на Правен факултет, Универзите „Гоце Делчев“ во Штип;

15. Потврда за рецензент на трудови од областа Социјално и трудово право во Зборник на трудови од Седмата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“ на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

16. Потврда за рецензент на трудови од областа Социјално и трудово право во Зборник на трудови од Осмата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“ на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

17. Потврда за рецензент на трудови од областа Социјално и трудово право во Зборник на трудови од Деветтата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“ на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

18. Сертификат за учество на Jean Monnet Project: EU E-Health Law and North Macedonia: From Current Practice to Implementation (EUEJL) International Scientific Conference „EU eHealth Law and Public Health“ 26.9.2022 – 30.09.2022, Ohrid, Macedonia;

19. Сертификат за учество на тркалезна маса „EU E-Health Law“ во рамките на проектот Жан Моне, „EU E-Health and North Macedonia: From Current Practice to Implementation“, ref. no.: 621268-EPP-1-2020-1-MK-EPPJMO-PROJECT “, 28 April 2022;

20. Одлука бр. 1102-112/6 од 17.6.2022 година за формирање на конкурентска комисија за запишување на студенти на втор циклус на студиските програми на Правен факултет за учебната 2022/2023 година;

21. Сертификат за учество на Деветтата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет», 1 и 2 септември, 2022 година, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

22. Одлука бр. 1102-140/8 од 04.10.2022 година за избор на продекан за меѓународна соработка и наука на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

23. Решение бр. 0206-664/1 од 18.10.2022 година за формирање повремена комисија на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип која ќе работи на допрецизирање на детали за утврдување на уредбата за Фраскатиева класификација на области;

24. Сертификат за одржани предавања на циклусот интердисциплинарни предавања во рамките на проектот „Sustainable development in law and policies“, поддржан од Центарот за анализа на правото и политиките при Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип од 25.10.2022 година;

25. Сертификат за keynote speaker at the Mediterranean Forum 2022 Special Edition Migrations and Labour Integration, organized by the University Sarajevo School of Science and Technology, 29 November 2022;

26. Одлука бр. 1102-164/13 од 09.12.2022 година за одредување ментори на студиските програми на Правен факултет за учебната 2022/2023 година;

27. Решение бр. 08-426/12 од 14.12.2022 година за акредитација на ментор на докторски студии на Агенција за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование;

28. Одлука бр. 0201-802/13 од 14.12.2022 година за формирање работна група за усогласување на стандарди за надворешна евалуација на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;

29. Сертификат од COST Action „The European Family Support Network. A bottom-up, evidence-based and multidisciplinary approach" (Code CA18123) за учество на EurofarmNet webinar Family Support in the European Context, 22 January 2021;

30. Одлука бр. 1102-41/3 од 10.2.2021 година за избор на рецензенти за издавање на учебник со наслов „Индустриски односи: регулатива, теорија и практика" од авторот вонр. проф. д-р Андон Мајхошев;

31. Сертификат од COST Action „The European Family Support Network. A bottom-up, evidence-based and multidisciplinary approach" (Code CA18123) за учество на EurofarmNet webinar Family support & COVID, 18 June 2021;

32. Сертификат за учество на Осмата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", 2 и 3 септември, 2021 година, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;

33. Сертификат од COST Programme of the European Union за член на Network of policies and practices towards the ultimate of ensuring children's rights and families well-being, Seville, 13 September 2021;

34. Сертификат за учество на II International Scientific Conference „The Concept of Employee and Employer" University of Rzeszow, 5-6th October 2021;

35. Одлука бр. 1102-144/18 од 16.12.2021 година за одредување на ментори на студиските програми на Правен факултет за учебната 2021/2022;

36. Одлука бр. 1102-48/35 од 4.3.2020 година за избор на нови членови во дисциплинската комисија на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

37. Сертификат за учество на Седмата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана на 3 и 4 септември 2020 година во организација на Правен факултет во Штип;

38. Сертификат за учество на ECLIC International Scientific Conference „EU 2020 Lessions from the Past and Solutions for the Future" 10-11 September 2020, во организација на Правен факултет, J.J. Strossmeyer University of Osijek;

39. Сертификат за учество на International Conference „Science and Society: Contribution of Humanities and Social Sciences", 2-5 September 2020, Струга организирано од Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирили и Методиј" во Скопје;

40. Сертификат за учество на 5th International Conference on New Findings on Humanities and Social Sciences, 20-22 ноември 2020 во организација на HSCONF-7032, Paris – France;

41. Сертификат за учество на International Scientific Conference „Legal Tradition and New Legal Challenges", University of Novi Sad - Faculty of Law, 1 and 2 October 2020;

42. Одлука бр. 1102-50/47 од 20.2.2019 година за организирање симпозиум во соработка со Мрежата за демократија и владеење на правото преку образование;

43. Сертификат за учество на ECLIC International Scientific Conference „EU and Member States – Legal and Economic Issues" 6-7 June 2019, во организација на Правен факултет, J.J. Strossmeyer University of Osijek;

44. Сертификат за учество на Шестата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана на 5 и 6 септември 2019 година во организација на Правен факултет во Штип;

45. Сертификат за учество на Меѓународна научна конференција „Artificial Intelligance – challenge of the digital era" со труд на тема „Social/legal responsibility and artificial intelligence" во организација на European University R. Macedonia одржана на 14.9.2018 година;

46. Сертификат за учество на Меѓународна научна конференција „Artificial Intelligance – challenge of the digital era" со труд на тема „The role of the artificial intelligence in the realization of the social rights" во организација на European University R. Macedonia одржана на 14.9.2018 година;

47. Одлука бр.1102-120/11 од 19.9.2018 година за избор во звање вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката Билјана Тодорова е родена на 8.10.1980 година во Скопје. Средно училиште завршува во ДСУ „Арсени Јовков", со одличен успех. Во 2002 година се запишува на Правен факултет „Јустинијан први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје каде што дипломира со просечен успех 9,40. Во 2006 година се запишува на последипломските студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, насока Менаџмент на човечки ресурси и ги завршува со успек 9,25. Магистерската теза под наслов „Заштита на правата на работниците како значајна компонента во остварување на деловните активности на работодавачот", под менторство на проф. д-р Наташа Габер, ја пријавува во 2007 година и е одбранета на ИСППИ во октомври 2008 година со што се стекнува со звање магистер по човечки ресурси. Во декември 2008 година ја пријавува докторската дисертација на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во јануари 2012 година ја одбрани докторската дисертација под наслов „Начелото право на работа и слобода на работа", под менторство на проф. д-р Тодор Каламатиев на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

По дипломирањето во периодот од 2006 до 2008 година работи како помлад асистент на Првиот приватен универзитет – Европскиот универзитет во Скопје – каде што е избрана за соработник по предметот Трговско право.

Во ноември 2008 година е избрана за асистент по предметите Трудово право и Трговско право на Факултетот за правни науки при истиот Универзитет.

Во април 2012 година е избрана за доцент на Факултетот за правни науки при Европски универзитет - Република Македонија, на група предмети од областа Трудово право.

Во мај 2016 година е избрана за вонреден професор на Факултетот за правни науки при Европски универзитет - Република Македонија, на наставно-научната област Трудово право.

Во септември 2018 со Одлука бр. 1102-120/11 од 19.9.2018 година на Наставно–научниот совет на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, е избрана за наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област Социјално право, каде има засновано редовен работен однос.

Во октомври 2022 со Одлука бр. 1102-140/8 од 04.10.2022 година на Наставно-научниот совет на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е избрана да ја врши функцијата продекан за меѓународна соработка и наука.

Во текот на својот академски ангажман на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип изведувала настава (предавања и вежби) на прв циклус студии по предметите: Социјално право, Трудово право, Еколошко право, Јавни служби. Изведувала настава и на втор циклус студии по предметите Меѓународно трудово право и Трудово и социјално право.

Автор е на учебникот „Социјално право“ и коавтор на монографии („Семејно насилство“; и „Прирачник - Работни односи: паузи, одмори, отсуства, мирување на работниот однос и прекувремена работа со коментар на прописите и упатства за современите и успешни кадровски служби“) и на педесетина стручни и научни труда од областа на правото.

Била член на организациски одбори на меѓународни конференции, има учествувано во повеќе реализирани домашни и меѓународни истражувачки проекти, како и учество на повеќе домашни и меѓународни конференции, обуки и семинари.

Рецензент е на повеќе стручни и научни меѓународни труда, учебници и монографии од областа на правото.

Била член на комисии за одбрана на докторски дисертации, ментор на магистерски трудови, член на комисии за одбрана на магистерски трудови и повеќе пати ментор и член на комисии за одбрана на дипломски работи.

Во своето досегашно работење била член на неколку универзитетски и факултетски комисии и работни групи за потребите на Универзитетот.

***Законски (општи) услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор:***

1. Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно:

- Кандидатката има остварено просечен успех од 9,40 на прв циклус студии и просечен успех од 9,25 на втор циклус на студии.

2. Научен степен доктор на науки од научната област во која се избира:

- Кандидатката е доктор на науки од научна област Трудово право со одбранета докторската дисертација под наслов „Начелото право на работа и слобода на работа» под менторство на проф. д-р Тодор Каламатиев на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

3. Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација во согласност со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор:

- Кандидатката од изборот во вонреден професор до денот на поднесувањето на пријавата има објавено 31 научен труд кои претставуваат референтни научни публикации во смисла на Законот за високо образование. Сите се објавени на Е-репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во продолжение е табелата со објавени трудови:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Год.на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Todorova, Biljana** | *The right to social security – Normative content and conditions for effective enjoyment and protection in the republic of North Macedonia.* https://eprints.ugd.edu.mk/30253/1/Biljana%20Todorova%20paper.pdf | International Scientific Conference "Protection of human rights and freedoms in light of international and national standards". pp. 105-116. ISSN 978-86-6083-084-7 | 2022 |
| 2. | **Todorova, Biljana** | *The right to unemployment insurance in the Republic of North Macedonia.* https://eprints.ugd.edu.mk/30955/1/Biljana%20Todorova.pdf | Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", 1 (9). pp. 359-372. | 2022 |
| 3. | **Todorova, Biljana** | *The right of paid sick leave as social insurance right and the coronavirus pandemic.* https://eprints.ugd.edu.mk/28811/1/Zbornik%20Pristina.pdf | Legal system in the period of the new reality - Thematic Conference Proceedings. pp. 75-86. | 2021 |
| 4. | **Тодорова, Билјана** | Примена на најниска основица за пресметка и уплата на придонеси од задолжително социјално осигурување. https://eprints.ugd.edu.mk/28808/1/Biljana%20Todorova%20-%20paper%20Kn45.6.pdf | Knowledge – International Journal, 45 (6). pp. 1309-1314. ISSN 2545-4439 | 2021 |
| 5. | **Todorova, Biljana** and Radulovik, Makedonka | *Some aspects of the social security system in the Republic of North Macedonia during coronavirus pandemic.* https://eprints.ugd.edu.mk/28809/1/Biljana%20Todorova-paper%20Prizren.pdf | Prizren Social Science Journal, 5 (1). pp. 86-89. ISSN 2616-387 | 2021 |
| 6. | **Todorova, Biljana** | *The effect of the COVID-19 pandemic on the gender perspective of labour relations.* https://eprints.ugd.edu.mk/28807/1/Biljana%20Todorova%20%20-paper%20Kn44.3.pdf | Knoeledge International Journal Scientific Papers, 44 (3). pp. 239-244. ISSN 2545-4439 | 2021 |
| 7. | Радуловиќ, Македонка и **Тодорова, Билјана** | *Родова перспектива на рекламните пораки во Република Северна Македонија.* https://eprints.ugd.edu.mk/31424/1/BT%20MR.pdf | Marketing, 7 (14). pp. 68-76. ISSN 857-9787 | 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | **Тодорова, Билјана** | *Пандемијата КОВИД-19 и остварување на правото на парични надоместоци од задолжително здравствено осигурување.* https://eprints.ugd.edu.mk/31157/1/Biljana%20Todorova.pdf | Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, XI (11). pp. 93-98. ISSN 1857-8713 | 2021 |
| 9. | **Todorova, Biljana** | *The COVID-19 pandemic and violations of workers rights.* https://eprints.ugd.edu.mk/29068/1/Biljana%20Todorova.pdf | Eighth International Scientific Conference Social changes in the global world, 1 (1). pp. 301-312. ISSN 316.42:34(100)(062) | 2021 |
| 10. | **Todorova, Biljana** | *Current issues of the social status and protection of the family in the Republic of North Macedonia.* https://eprints.ugd.edu.mk/28810/1/FZF100.pdf | Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy (2-5 September, Struga 2020). pp. 781-792. | 2021 |
| 11. | **Todorova, Biljana** | *New Forms" of Employment, A Challenge for Social Security System.* https://eprints.ugd.edu.mk/27243/1/32-7032.pdf | Proceedings of The 5th International Conference on New Findings On Humanities and Social Sciences. pp. 1-13. | 2020 |
| 12. | **Todorova, Biljana** and Radulovik, Makedonka | *Work-Life Balance: Challenges of gender equality in the labor market in the The Republic of North Macedonia VS European Union.* https://eprints.ugd.edu.mk/26721/1/Todorova.pdf | ECLIC EU and comparative Law Issues and Challenges International Scientific Conference (4). pp. 751-770. ISSN 2459-9425 | 2020 |
| 13. | **Тодорова, Билјана** | *Влијание на еколошката транзиција врз работните места.* https://eprints.ugd.edu.mk/26917/1/Biljana%20Todorova.pdf | Proceedings of the Seventh International Scientific Conference 'Social changes in the global world' (7). pp. 445-458. ISSN 978-608-244-778-0 | 2020 |
| 14. | Стојановски, Страшко и Коцева, Лазарова и **Тодорова, Билјана** | *Политики на високо образование: Веројатност во перцепциите на средношколците за студирање на универзитетите.* https://eprints.ugd.edu.mk/26918/1/Trud.pdf | Proceedings of the Seventh International Scientific Conference 'Social changes in the global world' (7). pp. 729-756. ISSN 978-608-244-778-0 | 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Radulovik, Makedonka and **Todorova, Biljana** and Avirovich, Irena | *Adolescent pregnancy occurrence and consequences.* https://eprints.ugd.edu.mk/24041/1/ADOLESCENT%20PREGNANCY%20OCCURRENCE%20AND%20CONSEQUENCES%20-%20Radulovik%26Todorova%26Avirovik.pdf | Prizren Social Science Journal, 4. pp. 28-34. ISSN 2616-387 X | 2020 |
| 16. | **Тодорова, Билјана** | *Европски социјални модел - изазови и перспектива социјалног модела Републике Северне Македоније.* https://eprints.ugd.edu.mk/26720/1/Todorova.pdf | Зборник радова „Правна традиција и интегративни процеси", 2. pp. 83-98. ISSN 978-86-6083-065-6 | 2020 |
| 17. | **Тодорова, Билјана** и Радуловиќ, Македонка | *Семејно-работен баланс како главен столб на семејните политики.* https://eprints.ugd.edu.mk/26926/1/Todorova%2C%20Radulovic.pdf | Годишен зборник, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Филозофски факултет - Скопје. pp. 493-502. ISSN 03501892 | 2020 |
| 18. | **Тодорова, Билјана** | *Еднаква плата за работа со еднаква вредност.* https://eprints.ugd.edu.mk/27399/1/Biljana%20Todorova.pdf | Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип 10 (10). pp. 119-123. ISSN 1857-8713 | 2020 |
| 19. | **Todorova, Biljana** | *Reform of the pension system in the European Union - various forms same challenges.* https://eprints.ugd.edu.mk/24377/1/REFORM%20OF%20THE%20PENSION%20SYSTEM%20IN%20THE%20EUROPEAN%20UNION%20-%20VARIOUS%20FORMS%20SAME%20CHALLENGES.pdf | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38 (5). pp. 1229-1234. ISSN 2545-4439 | 2020 |
| 20. | **Тодорова, Билјана** и Стојановски, Страшко и Денкова, Јадранка | *Социјална заштита на жртви на семејно насилство и ставови на јавното мислење.* https://eprints.ugd.edu.mk/23470/1/Trud%20vo%20Godisen%20zbornik%20broj%209%20Praven%20fakultet%202019.pdf | Годишен зборник - 2019, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 9 (9). pp. 78-91. ISSN 1857-8713 | 2019 |
| 21. | Temjanovski, Riste and **Todorova, Biljana** | *Traffic safety promotion and awareness-raising campaign: organizational and ecological issues.* https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/article/view/3110/2824 | Journal of Economics, 4 (2). pp. 1-9. ISSN 1857-9973 | 2019 |
| 22. | **Тодорова, Билјана** | *Социјална заштита на вработената жена за време на бременост и мајчинство.* https://eprints.ugd.edu.mk/23208/1/TODOROVA.pdf | Општествените промени во глобалниот свет, 1 (6). pp. 137-152. ISSN 978-608-244-353-9 | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and **Todorova, Biljana** | *Challenges and opportunities of the Macedonian pension system according the EU Recommendations (Social, legal and financial aspects).* https://eprints.ugd.edu.mk/22664/1/Marija%20Ampovska.pdf | EU and comparative law issues and challenges series ( ECLIC 3) (3). pp. 988-1007. ISSN 2459-9425 | 2019 |
| 24. | Радуловиќ, Македонка и **Тодорова, Билјана** | *Парични примања од социјална заштита на деца – осврт на правото на детски додаток.* https://eprints.ugd.edu.mk/23206/1/RADULOVIC%20TODOROVA.pdf | Годишен зборник на Филозофски факултет на Универзитетот „Св. Кирили и Методиј" - Скопје, 72. pp. 589-601. ISSN 0350-1892 | 2019 |
| 25. | **Todorova, Biljana** | *How to reinforce the social prevention.* https://eprints.ugd.edu.mk/21005/1/HOW%20TO%20REINFORCE%20THE%20SOCIAL%20PREVENTION.pdf | Knowledge – International Journal, 28 (1). pp. 259-264. ISSN 2545-4439 | 2018 |
| 26. | Radulovik, Makedonka and **Todorova, Biljana** | *Sexual abuse of children and their protection.* https://eprints.ugd.edu.mk/20987/1/PJESA-16.pdf | International Scientific Journal "Centrum" (10). pp. 212-227. ISSN 1857-9396 | 2018 |
| 27. | **Todorova, Biljana** and Belovski, Vojo | *Sources of the power and the authority of managers.* https://eprints.ugd.edu.mk/21004/1/SOURCES%20OF%20THE%20POWER%20AND%20THE%20AUTHORITY%20OF%20MANAGERS.pdf | Knowledge – International Journal, 28 (1). pp. 79-84. ISSN 2545-4439 | 2018 |
| 28. | **Тодорова, Билјана** | *Улогата на вештачката интелигенција во остварувањето на социјалните права.* https://eprints.ugd.edu.mk/20970/1/IJSA%20IDEA%20Vol.2%20No.3-BT.pdf | IDEA, International Journal of Science and Arts, 2 (3). pp. 135-140. | 2018 |
| 29. | **Тодорова, Билјана** | *Општествената/ правната одговорност и вештачката интелигенција.* https://eprints.ugd.edu.mk/20971/1/IJSA%20IDEA%20Vol.2%20No.3%20-%20BT-ZA.pdf | I D E A International Journal of Science and Arts, 2 (3). pp. 141-146. | 2018 |
| 30. | **Тодорова, Билјана** и Беловски, Војо | *Односот меѓу трудовото и социјалното право со осврт на предизвиците на социјалното право во Република Македонија.* https://eprints.ugd.edu.mk/21256/1/Zbornik%20PF%202018%20Todorova%2C%20Belovski.pdf | Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип (8). pp. 128-136. ISSN 1857 – 8713 | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 31. | **Тодорова, Билјана** и Радуловиќ, Македонка | *Омбудсманот и правата на детето во Република Македонија.* https://eprints.ugd.edu.mk/21257/1/Zbornik%20PF%202018%20Todorova%2C%20Radulovik.pdf | Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип (8). pp. 137-146. ISSN 1857–8713 | 2018 |

4. Да бил претходно избран во звање вонреден професор од научната област во која се избира:

- Со одлука на Наставно-научниот совет на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип бр. 1102-120/11 од 19.9.2018 година кандидатката е избрана за наставник во звање вонреден професор во наставно-научна област Социјално право на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

5. Има објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира:

- Кандидатката во периодот од изборот во наставно-научно звање вонреден професор до денот на поднесување на документацијата по Конкурсот има објавено еден учебник и две монографии од научната област во која се избира, кои се објавени на Е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во продолжение е табелата со објавениот универзитетски учебник и монографиите:

| Вр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Тодорова, Билјана | Социјално право | Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија http://e-lib.ugd.edu.mk/1117 | 2023 |
| 2. | Тодорова, Билјана; Апасиев, Димитар; Иванова, Елена; Шутова, Милица; Кошевалиска, Олга; и Стојановски, Страшко | Семејно насилство | Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија https://eprints.ugd.edu.mk/27242/1/Semejno%20nasilstvo%203.pdf | 2020 |
| 3. | Беловски, Војо и Тодорова, Билјана | Прирачник - Работни односи - паузи, одмори, отсуства, мирување на работниот однос и прекувремена работа со коментар на прописите и упатства за современите и успешни кадровски служби | Инспект Офис - редакција за стручна литература, Делчево. https://eprints.ugd.edu.mk/23681/3/V%20B%20Monografia.pdf | 2019 |

6. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик:

- Кандидатката има доставено потврда за познавање на англиски јазик издадена од овластена институција регистрирана за странски јазици, во оригинал.

7. Има способност за изведување на високообразовна дејност:

- Од изведувањето настава на прв и втор циклус на студии, менторства на дипломски и магистерски теми, како и член на комисии за изработка и одбрана на дипломски и магистерски трудови, а и богата научно-истражувачка и стручно-

апликативна дејност, произлегува дека кандидатката има способност за изведување на високообразовна дејност. Тодорова во изминатите академски години има позитивна оценка од студентите по спроведена интерна самоевалуација.

**Посебни услови во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:**

1. Под негово менторство изработени дипломски или магистерски или докторски тези:

- Кандидатката се јавува како ментор на дипломски и магистерски трудови на кандидати од областа на Трудовото и Социјалното право, и член на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови од област на Трудовото и Социјалното право и сродни дисциплини.

2. Учествувал или раководел со научно-истражувачки проекти:

- Кандидатката учествува во меѓународен проект "The European Family Support Network. A bottom - up, evidence - based and multidisciplinary approach", COST (European Cooperation in Science and Technology), финансиран од Horizon 2020 Framework Programe of the European Union 2019-2023;
- Кандидатката учествува во проект „Концептот одржлив развој во правото и политиките: застапеност, предизвици и перспективи“, Центар за анализа на право и политики – Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, 2020-2023;
- Кандидатката учествувала во проектот EU E-Health and North Macedonia: From Current Practice to Implementation, Erasmus+ Jean Monnet Project 2020-2022, Project Reference: 621268-EPP-1-2020-1-MK-EPPJMO-PROJECT;
- Кандидатката учествувала во проектот „EDUCATION4PROGRESS: regional cooperation to improve EU law teaching“, имплементиран од SEELS Network финансиран од Western Balkans Fund, како член на Организациски одбор со учество на регионална конференција за подобрување на наставата по правото на ЕУ, одржана од 13-15 ноември 2018 година, на Правен факултет, Ниш, Србија.

3. Придонес во оспособување на помлади наставници и соработници

- Кандидатката со Одлука бр.1102-60/5 од 23.3.2021 година донесена на 203. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 23.3.2021 година била избрана за рецензент за избор на соработник во звање асистент за научната област деловно право, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Северна Македонија;
- Кандидатката била рецензент на трудови од областа Трудово право во меѓународно научно списание на Правен факултет, Balkan Social Science Review;
- Кандидатката била рецензент на трудови од областа Социјално и трудово право во Зборник на трудови од меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“ на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- Кандидатката била рецензент на предложени трудови за Зборник на трудови од Деветтата меѓународна научна конференција на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- Кандидатката била рецензент на предложени трудови од областа на Социјално, трудово и еколошко право во меѓународен Зборник на трудови на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

- Кандидатката со Одлука бр. 1102-75/8 од 221 од редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет одржана на ден 4.4.2022 година била избрана за рецензент за издавање на учебник со наслов „Лексикон на индустриските односи" од авторот вонр. проф. д-р Андон Мајхошев;
- Кандидатката била рецензент на предложени трудови за Зборник на трудови од Осмата меѓународна научна конференција на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија;
- Кандидатката со Одлука бр. 1102-41/3 од 10.2.2021 година била избрана за рецензент за издавање на учебник со наслов „Индустриски односи: регулатива, теорија и практика" од авторот вонр. проф. д-р Андон Мајхошев;
- Кандидатката била рецензент на предложени трудови за Зборник на трудови од Седмата меѓународна научна конференција на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- Кандидатката била рецензент на предложени трудови за Зборник на трудови од Шестата меѓународна научна конференција на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени:

- Од приложената табела на крајот од овој извештај кандидатката има остварено (НО)=40; (НИ)=267; (САОР)=116 или вкупно 423 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката Билјана Тодорова својата наставно-образовна дејност ја започнува во 2006 година кога е избрана во соработничко звање помлад асистент по предметот Трговско право на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет Република Македонија во Скопје (Одлука бр. 0306/039 од 21.2.2006 год.). Од 2006 година работи како помлад асистент на Факултетот за економски науки на истиот Универзитет, реализирајќи вежби по предметите Трговско право и Меѓународни трговски договори.

Во 2007 година е избрана за помлад асистент на Факултетот за јавна администрација при истиот Универзитет по предметите Административно право и Наука за управата. По магистрирањето, во 2008 година е избрана за асистент на Факултетот за правни науки по предметот Трудово право, а истовремено држи вежби и по предметите Трговско право, Меѓународно трговско право, Административно право, Службенички системи и Семејно и наследно право. Истовремено на Факултетот за економски науки при ЕУРМ држи вежби по предметот Трговско право.

Со Одлука бр. 02-920/1 од 7.6.2012 година е избрана во наставно-научно звање *доцент* по наставно-научната област трудово право на Факултетот за правни науки во состав на Европски универзитет – Република Македонија. По изборот во звањето доцент изведувала настава и вежби на првиот циклус на студии по предметите Вовед во правото, Уставно право, Трудово право и Трговско право. На вториот циклус на студии изведувала настава и вежби по предметите Меѓународно трговско право, Право на индустриска сопственост и Право на друштва.

Со Одлука бр. 02-37/1 од 13.1.2017 година е избрана во наставно-научно звање *вонреден професор* по наставно-научната област трудово право (Фраскатиева класификација 50805) на Факултетот за правни науки при Европски универзитет

– Република Македонија. По изборот во звањето вонреден професор изведувала настава и вежби на првиот циклус на студии по предметите Вовед во правото, Уставно право, Трудово право и Трговско право. На вториот циклус на студии изведувала настава и вежби по предметите Меѓународно трговско право, Право на индустриска сопственост и Право на друштва. Во рамките на своето работење на Универзитетот, кандидатката изведува предавања и вежби по предметот Вовед во право на Факултетот за детективи и криминалистика (Одлука бр.02-10007/1 од 15.9.2015 година и Одлука бр.02-867/1 од 30.9.2016 година).

Со Одлука бр. 1102-120/11 од 19.9.2018 година на Наставно-научен совет на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката е избрана за наставник во звање *вонреден професор* во наставно-научна област Социјално право. По изборот во звањето вонреден професор на Факултетот изведувала настава и вежби на првиот циклус на студии по предметите Социјално право, Трудово право, Еколошко право и Јавни служби. На вториот циклус на студии изведувала настава и вежби по предметите Трудово и социјално право и Меѓународно трудово право.

Кандидатката, покрај наставно-образовната дејност во областа на Социјалното право, во периодот од изборот во вонреден професор до денот на поднесување на пријавата по овој конкурс бележи богата научно-истражувачка дејност, што се гледа преку објавувањето на учебници, монографии, делови од научни книги, научни трудови, како и преку нејзиниот ангажман како член на организациски одбори на меѓународни конференции, рецензент на научни трудови, учесник во научни проекти, учесник на научни собири, тркалезни маси и работилници, одржани предавања на покана на институција.

Во прилог ја претставуваме листата на активности во рамките на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на кандидатката, поделени во неколку категории.

*При изборот во наставно-научното звање доцент, кандидатката ги приложила и се вреднувани следниве учебници, учебни помагала, научни и стручни трудови:*

1. Тодорова, Билјана (2012): „Начелата право на работа и слобода на работа“, докторски труд, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје;

2. Тодорова, Билјана и Стојановска, Павлина (2010): „Трговско право“, авторизирани предавања, Прв приватен универзитет – Европски универзитет – Република Македонија, Скопје – изменето и дополнето издание на учебникот „Трговско право“, објавен во 2007 год., 2010;

3. Тодорова, Билјана (2008): „Заштита на правата на работниците како значајна компонента во остварување на деловните активности на работодавачот“, магистерски труд, ИСППИ, УКИМ, Скопје;

4. Тодорова, Билјана (2008): „Управување со човечки ресурси – некои нормативни аспекти“, статија, стручно списание Правник, број.193;

5. Тодорова, Билјана (2008): „Анализа на остварување на правата на работниците пред надлежните државни органи“, стручен труд, Зборник на трудови, Прв приватен универзитет - Европски универзитет – Република Македонија, Скопје.

4. Илиески, Милан и Тодорова, Билјана (2007): „Трговско право“, рецензиран универзитетски учебник за студентите на Факултетот за економски науки и Факултетот за правни науки при Првиот приватен универзитет - Европски универзитет – Република Македонија, ISBN: 978-9989-184-30-7;

5. Илиески, Милан и Тодорова, Билјана (2007): „Меѓународни трговски договори“, рецензиран универзитетски учебник за студентите на Факултетот за економски науки при Првиот приватен универзитет - Европски универзитет – Република Македонија, 2007, ISBN: 978-9989-184-31-4.

*При изборот во звањето вонреден професор, кандидатката ги приложила и се вреднувани следниве учебници, учебни помагала, научни и стручни трудови и учество во проекти:*

1. Андревски, Живко и Тодорова, Билјана (2016): „Уставното судство – заштитник на формалниот или на реалниот уставен акт“, Шеста меѓународна научна конференција, „Можното, реалното и виртуелното во современиот свет“, Европски универзитет – Република Македонија, Скопје;

2. Тодорова, Билјана (2016): „Договорот за вработување во практиката“, Шеста меѓународна научна конференција „Можното, реалното и виртуелното во современиот свет“, Европски универзитет – Република Македонија, Скопје;

3. Андревски, Живко и Тодорова, Билјана (2016): „Вработените како елемент на маркетингот“, Трета меѓународна маркетинг конференција (ISCMMA’16), „Практични искуства и развивање идеи за улогата на маркетингот во бизнисот“, 658.8: 331.101, Македонско меѓународно списание за маркетинг “MARKETING“, Скопје, 2016, ISSN 1857 -99787;

4. Андревски, Живко и Тодорова, Билјана (2015): „Законски основи за рекламирање производи и услуги (заведувачко и споредбено рекламирање)“, 659.11:340.13(497.7), International Scientific Conference „The new marketing challenges – theory and practice“, Macedonian Marketing Association „Marketing“ Skopje, 12 and 13 February 2015, ISSN 1857-9795;

5. Тодорова, Билјана (2015): „Карактеристики на маркетинг активностите на трговецот-поединец“, 658.8:334.722.1(497.7), International Scientific Conference „The new marketing challenges – theory and practice“, Macedonian Int Jurnal “MARKETING“, Macedonian Marketing Association „Marketing“ Skopje, 12 and 13 February 2015, ISSN 1857-9795;

6. Тодорова, Билјана (2015): „Споредбена анализа на клаузулата за неконкуренција во договорите за вработување“, International Scientific Conference, “New Space in Art and Science“, European University-Republic of Macedonia, Skopje, 29th of June 2015, ISBN 978-608-4574-72-9;

7. Андревски, Живко и Тодорова, Билјана (2015): „Истражување на политичкиот процес при претседателски избори (од аспект на уставните и законските решенија)“, International Scientific Conference, “New Space in Art and Science“, European University-Republic of Macedonia, Skopje, 29th of June 2015, ISBN 978-608-4574-72-9;

8. Козарев, Атанас и Тодорова, Билјана (2015): „Managing local security – case study: Republic of Macedonia“, Savremeni trendovi i kvalitet u upravljanju ljudskim resursima, Zbornik radova, Visoka škola strukovnih studija za ekonomiju i upravu Centar za ekonomska istraživanja (CEIB,) Beograd, ISBN 978-86-86745-55-2;

9. Андревски, Живко и Тодорова, Билјана (2015): „Дали на Република Македонија и треба нов Устав“, Втора меѓународна научна конференција, „Општествените промени во глобалниот свет“, Штип, ISBN 978-608-244-229-7;

10. Учество во научноистражувачки проект на тема „Истражување на процесот на менацирање на примената на институтот спогодување за вина во Република

Македонија", организиран со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при ЕУРМ, на 118. седница одржана на 16.1.2015 година;

11. Тодорова, Билјана (2014): „Трудово право" – рецензиран универзитетски учебник во издание на Европски универзитет – Република Македонија, Скопје, Македонија; ISBN 978-608-4574-60-6;

12. „Општествените димензии на изборниот процес – примерот на Република Македонија", кој со Одлука на Ректорската управа на Европскиот универзитет - Република Македонија - Скопје (од 22.12.2014 година) се реализира како дел од научноистражувачката работа на ЕУРМ;

13. Андревски, Живко и Тодорова, Билјана (2014): „Предизвиците на правната наука во Република Македонија", Четврта меѓународна научна конференција „Науката и општествениот развој", ЕУРМ, Скопје, ISBN 978-608-4574-62-0;

4. Тодорова, Билјана (2014): „Право на странците да стапуваат во работни односи во Република Македонија", Четврта меѓународна научна конференција „Науката и општествениот развој", ЕУРМ, Скопје, ISBN 978-608-4574-62-0;

15. Тодорова, Билјана (2012): „Остварување на правото на работа и слободниот избор на вработување во услови на криза" – Меѓународна научна конференција, „Лицата на кризата", Европски универзитет – Република Македонија, Скопје, ISBN 978-608-4574-47-7;

16. Todorova, Biljana (2012): Mobing in labour legislation of Republic of Macedonia vs the regulationof the European Union countreies, Evrodijalog No.16, ISSN 1857-8136.

*Во последните пет години пред објавување на огласот за избор, проф. д-р Билјана Тодорова ги приложува и се вреднуваат следниве учебници, учебни помагала, научни и стручни трудови кои ги исполнуваат законските услови, а се депонирани и во Е-Репозиториумот на Универзитет Гоце Делчев, Штип, и тоа:*

**I. Научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации**

1. Todorova, Biljana (2022): „The right to social security – Normative content and conditions for effective enjoyment and protection in the republic of North Macedonia". International Scientific Conference "Protection of human rights and freedoms in light of international and national standards". pp. 105-116. ISSN 978-86-6083-084-7.
2. Todorova, Biljana (2022): „The right to unemployment insurance in the Republic of North Macedonia". Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", 1 (9). pp. 359-372.
3. Todorova, Biljana (2021): „The right of paid sick leave as social insurance right and the coronavirus pandemic". Legal system in the period of the new reality - Thematic Conference Proceedings. pp. 75-86.
4. Тодорова, Билјана (2021): „Примена на најниска основица за пресметка и уплата на придонеси од задолжително социјално осигурување". Knowledge – International Journal, 45 (6). pp. 1309-1314. ISSN 2545-4439.
5. Todorova, Biljana and Radulovik, Makedonka (2021): „Some aspects of the social security system in the Republic of North Macedonia during coronavirus pandemic". Prizren Social Science Journal, 5 (1). pp. 86-89. ISSN 2616-387.
6. Todorova, Biljana (2021): „The effect of the COVID-19 pandemic on the gender perspective of labour relations".Knowledge International Journal Scientific Papers, 44 (3). pp. 239-244. ISSN 2545-4439.

7. Радуловиќ, Македонка и Тодорова, Билјана (2021): „Родова перспектива на рекламните пораки во Република Северна Македонија". Marketing, 7 (14). pp. 68-76. ISSN 857-9787.

8. Тодорова, Билјана (2021): „Пандемијата КОВИД-19 и остварување на правото на парични надоместоци од задолжително здравствено осигурување". Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, XI (11). pp. 93-98. ISSN 1857-8713.

9. Todorova, Biljana (2021): „The COVID-19 pandemic and violations of workers rights". Eighth International Scientific Conference Social Changes in the Global World, 1 (1). pp. 301-312. ISSN 316.42:34(100)(062).

10. Todorova, Biljana (2021): „Current issues of the social status and protection of the family in the Republic of North Macedonia". Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy (2-5 September, Struga 2020). pp. 781-792.

11. Todorova, Biljana (2020): „New Forms" of Employment, A Challenge for Social Security System". Proceedings of The 5th International Conference on New Findings On Humanities and Social Sciences. pp. 1-13.

12. Todorova, Biljana and Radulovik, Makedonka (2020): „Work-Life Balance: Challenges of gender equality in the labor market in the The Republic of North Macedonia VS European Union". ECLIC EU and comparative Law Issues and Challenges International Scientific Conference (4). pp. 751-770. ISSN 2459-9425.

13. Тодорова, Билјана (2020): „Влијание на еколошката транзиција врз работните места". Proceedings of the Seventh International Scientific Conference 'Social changes in the global world' (7). pp. 445-458. ISSN 978-608-244-778-0.

14. Stojanovski, Strasko and Koceva Lazarova, Limonka and Todorova, Biljana (2020): „Политики на високо образование: Веројатност во перцепциите на средношколците за студирање на универзитетите". Proceedings of the Seventh International Scientific Conference 'Social changes in the global world' (7). pp. 729-756. ISSN 978-608-244-778-0.

15. Radulovik, Makedonka and Todorova, Biljana and Avirovich, Irena (2020): „Adolescent pregnancy occurrence and consequences". Prizren Social Science Journal, 4. pp. 28-34. ISSN 2616-387 X.

16. Todorova, Biljana (2020): „Европски социјални модел - изазови и перспектива социјалног модела Републике Северне Македоније". Зборник радова „Правна традиција и интегративни процеси", 2. pp. 83-98. ISSN 978-86-6083-065-6.

17. Тодорова, Билјана и Радуловиќ, Македонка (2020): „Семејно-работен баланс како главен столб на семејните политики". Годишен зборник, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Филозофски факултет – Скопје. pp. 493-502. ISSN 03501892.

18. Тодорова, Билјана (2020): „Еднаква плата за работа со еднаква вредност". Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип 10 (10). pp. 119-123. ISSN 1857-8713.

19. Todorova, Biljana (2020): „Reform of the pension system in the European Union - various forms same challenges". Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38 (5). pp. 1229-1234. ISSN 2545-4439.

20. Тодорова, Билјана и Стојановски, Страшко и Денкова, Јадранка (2019): „Социјална заштита на жртви на семејно насилство и ставови на јавното мислење".

Годишен зборник – 2019, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 9 (9). pp. 78-91. ISSN 1857-8713.

21. Temjanovski, Riste and Todorova, Biljana (2019): „Traffic safety promotion and awareness-raising campaign: organizational and ecological issues". Journal of Economics, 4 (2). pp. 1-9. ISSN 1857-9973.

22. Тодорова, Билјана (2019): „Социјална заштита на вработената жена за време на бременост и мајчинство". Општествените промени во глобалниот свет, 1 (6). pp. 137-152. ISSN 978-608-244-353-9.

23. Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and Todorova, Biljana (2019): „Challenges and opportunities of the Macedonian pension system according the EU Recommendations (Social, legal and financial aspects)". EU and comparative law issues and challenges series (ECLIC 3) (3). pp. 988-1007. ISSN 2459-9425.

24. Радуловиќ, Македонка и Тодорова, Билјана (2019): „Парични примања од социјална заштита на деца – осврт на правото на детски додаток". Годишен зборник на Филозофски факултет на Универзитетот „Св. Кирили и Методиј" - Скопје, 72. pp. 589-601. ISSN 0350-1892.

25. Todorova, Biljana (2018): „How to reinforce the social prevention". Knowledge – International Journal, 28 (1). pp. 259-264. ISSN 2545-4439.

26. Radulovik, Makedonka and Todorova, Biljana (2018): „Sexual abuse of children and their protection". International Scientific Journal "Centrum" (10). pp. 212-227. ISSN 1857-9396.

27. Todorova, Biljana and Belovski, Vojo (2018): „Sources of the power and the authority of managers". Knowledge – International Journal, 28 (1). pp. 79-84. ISSN 2545-4439.

28. Тодорова, Билјана (2018): „Улогата на вештачката интелигенција во остварувањето на социјалните права". IDEA, International Journal of Science and Arts, 2 (3). pp. 135-140.

29. Тодорова, Билјана (2018): „Општествената / правната одговорност и вештачката интелигенција". IDEA International Journal of Science and Arts, 2 (3). pp. 141-146.

30. Тодорова, Билјана и Беловски, Војо (2018): „Односот меѓу трудовото и социјалното право со осврт на предизвиците на социјалното право во Република Македонија", Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип (8). pp. 128-136. ISSN 1857 – 8713.

31. Тодорова, Билјана и Радуловиќ, Македонка (2018): „Омбудсманот и правата на детето во Република Македонија". Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип (8). pp. 137-146. ISSN 1857 – 8713.

**II. Учебници, учебни помагала или монографии**

1. **Тодорова, Билјана** (2023) Социјално право (учебник), Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија.

2. **Тодорова, Билјана;** Апасиев, Димитар; Иванова, Елена; Шутова, Милица; Кошевалиска, Олга; Стојановски, Страшко (2020) „Семејно насилство", Project Report. Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија

3. Беловски, Војо и **Тодорова, Билјана** (2019) „Прирачник - Работни односи: паузи, одмори, отсуства, мирување на работниот однос и прекувремена работа со коментар на прописите и упатства за современите и успешни кадровски служби", Manual. Инспект Офис - редакција за стручна литература, Делчево.

**III. Учество на конференции, тркалезни маси и работилници**

1. Сертификат за учество на Jean Monnet Project: EU E-Health Law and North Macedonia: From Current Practice to Implementation (EUEJL) International Scientific Conference „EU eHealth Law and Public Health“ 26.9.2022 – 30.9.2022, Ohrid, Macedonia.

2. Сертификат за учество на тркалезна маса „EU E-Health Law“ во рамките на проектот Жан Моне, „EU E-Health and North Macedonia: From Current Practice to Implementation“, ref. no.: 621268-EPP-1-2020-1-MK-EPPJMO-PROJECT, 28 April 2022.

3. Сертификат за учество на Деветтата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет», 1 и 2 септември, 2022 година, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

4. Сертификат за одржани предавања на циклусот интердисциплинарни предавања во рамките на проектот „Sustainable development in law and policies“, подржан од Центарот за анализа на правото и политиките при Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип од 25.10.2022 година.

5. Сертификат за keynote speaker at the Mediterranean Forum 2022 Special Edition Migrations and Labour Integration, organized by the University Sarajevo School of Science and Technology, 29 November 2022.

6. Решение за акредитација на ментор на докторски студи на Агенција за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование бр. 08-426/12 од 14.12.2022 година.

7. Сертификат од COST Action „The European Family Support Network. A bottom-up, evidence-based and multidisciplinary approach“ (Code CA18123) за учество на EurofarmNet webinar Family Support in the European Context, 22 January 2021.

8. Сертификат од COST Action „The European Family Support Network. A bottom-up, evidence-based and multidisciplinary approach“ (Code CA18123) за учество на EurofarmNet webinar Family support & COVID, 18 June 2021.

9. Сертификат за учество на Осмата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, 2 и 3 септември, 2021 година, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

10. Сертификат за учество на II International Scientific Conference „The Concept of Employee and Employer“ University of Rzeszow, 5-6$^{th}$ October 2021.

11. Сертификат за учество на Седмата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“ одржана на 3 и 4 септември 2020 година во организација на Правен факултет во Штип.

12. Сертификат за учество на ECLIC International Scientific Conference “EU 2020 Lessions from the Past and Solutions for the Future” 10-11 September 2020, во организација на Правен факултет, J.J. Strossmeyer University of Osijek.

13. Сертификат за учество на International Conference „Science and Society: Contribution of Humanities and Social Sciences“, 2-5 September 2020, Струга организирано од Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

14. Сертификат за учество на International Scientific Conference „Legal Tradition and New Legal Challenges“, University of Novi Sad - Faculty of Law, 1 and 2 October 2020.

15. Сертификат за учество на 5$^{th}$ International Conference on New Findings

on Humanities and Social Sciences, 20-22 ноември 2020 во организација на HSCONF-7032, Paris – France.

16. Сертификат за учество на ECLIC International Scientific Conference „EU and Member States – legal and economic issues" 6-7 June 2019, во организација на Правен факултет, J.J. Strossmeyer University of Osijek.

17. Сертификат за учество на Шестата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана на 5 и 6 септември 2019 година во организација на Правен факултет во Штип.

18. Сертификат за учество на Меѓународна научна конференција „Artificial Intelligance – challenge of the digital era" со труд на тема „Social/legal responsibility and artificial intelligence" во организација на European University R. Macedonia одржана на 14.9.2018 година.

19. Сертификат за учество на Меѓународна научна конференција „Artificial Intelligance – challenge of the digital era" со труд на тема „The role of the artificial intelligence in the realization of the social rights" во организација на European University R. Macedonia одржана на 14.9.2018 година.

**IV. Учество во научноистражувачки проекти**

1. Кандидатката учествува во меѓународен проект "The European Family Support Network. A bottom - up, evidence - based and multidisciplinary approach", COST (European Cooperation in Science and Technology), финансиран од Horizon 2020 Framework Programe of the European Union 2019-2023.

2. Кандидатката учествува во проект „Концептот одржлив развој во правото и политиките: застапеност, предизвици и перспективи", Центар за анализа на право и политики - Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија, 2020-2023.

3. Кандидатката учествувала во проектот EU E-Health and North Macedonia: From Current Practice to Implementation, Erasmus+ Jean Monnet Project 2020-2022, Project Reference: 621268-EPP-1-2020-1-MK-EPPJMO-PROJECT.

4. Кандидатката учествувала во проектот „EDUCATION4PROGRESS: regional cooperation to improve EU law teaching", имплементиран од SEELS Network финансиран од Western Balkans Fund, како член на Организациски одбор со учество на регионална конференција за подобрување на наставата по правото на ЕУ, одржана од 13-15 ноември 2018 година, на Правен факултет во Ниш, Србија.

**Кратка евалуација на научните трудови**

**I/1. Todorova, Biljana (2022): "The right to social security – Normative content and conditions for effective enjoyment and protection in the republic of North Macedonia". International Scientific Conference "Protection of human rights and freedoms in light of international and national standards". pp. 105-116. ISSN 978-86-6083-084-7.**

Кратка евалуација: Во трудот се прави пресек на постоечките правни акти за да се соберат секундарни информации за релевантните прашања поврзани со остварување на правото на социјална сигурност, особено информации од правните акти во земјата. Целта на трудот е да се истражи прашањето за ова право и неговата улога и значење во денешното општество. Земајќи ги предвид предизвиците со кои се соочува општеството трудот извлекува некои препораки кои се упатуваат на националното ниво на социјална сигурност.

**I/2. Todorova, Biljana (2022): "The right to unemployment insurance in the Republic of North Macedonia". Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", 1 (9). pp. 359-372.**

Кратка евалуација: Во трудот се истражува системот на социјално осигурување од невработеност како механизам кој на поединецот му нуди социјална сигурност. Оваа задолжителна компонента на социјалното осигурување може да обезбеди приход, како и помош при вработување (обука и преквалификација) за време на привремена невработеност. Акцентот е ставен на толкувањето на клучните законски одредби кои го содржат правото на паричен надоместок како основно право од ова осигурување. Понатаму, се прави анализа на постапката за остварување на правата кои произлеуваат од него. Детално се анализира и улогата на институциите во процесот на остварување на материјална и правна заштита, со посебен акцент на улогата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

**I/3. Todorova, Biljana (2021): "The right of paid sick leave as social insurance right and the coronavirus pandemic". Legal system in the period of the new reality - Thematic Conference Proceedings. pp. 75-86.**

Кратка евалуација: Надоместокот на плата за време на болест како право од социјално осигурување привлече големо внимание за време на пандемијата од Ковид-19. За време на оваа здравствена криза тоа одигра клучна улога на пазарот на трудот во заштитата на приходите, здравјето на работниците и работните места. Во трудот се анализираат предизвиците на платеното отсуство за време на болест и повреда во текот на пандемијата со коронавирусот во Република Северна Македонија. Се заклучува дека платеното отсуство за време на болест и повреда како право од социјално осигурување може да биде особено ефективна алатка на социјалната сигурност на поединецот за време на пандемија.

**I/4. Тодорова, Билјана (2021): „Примена на најниска основица за пресметка и уплата на придонеси од задолжително социјално осигурување". Knowledge – International Journal, 45 (6). pp. 1309-1314. ISSN 2545-4439.**

Кратка евалуација: Бидејќи националното трудово законодавство утврдува дека секој работник има право на плата за извршената работа, која не може да биде пониска од пропишаната минимална плата, во трудот акцент се става на појаснувањето на врската помеѓу минималната плата и најниската основа за пресметка на придонеси врз основа на работен однос со склучен договор за вработување. Целта на трудот е да се објаснат околностите кога работодавачот е должен да ги пресметува придонесите на најниската пропишана основица.

**I/5. Todorova, Biljana and Radulovik, Makedonka (2021): "Some aspects of the social security system in the Republic of North Macedonia during coronavirus pandemic". Prizren Social Science Journal, 5 (1). pp. 86-89. ISSN 2616-387.**

Кратка евалуација: За време на пандемијата со Ковид-19 неминовен беше притисокот врз клучните мерки за социјални бенефиции особено од здравственото осигурување, невработеноста, заштита на семејството и детската поддршка. Фокусот на трудот е насочен кон усвоените нови политики и мерки за социјална сигурност на граѓаните за време на оваа пандемија. Централно прашање во трудот е дали системот за социјално осигурување во С. Македонија е добро воспоставен за да ги заштити работниците од социјални ризици за време на пандемија.

**I/6. Todorova, Biljana (2021): "The effect of the COVID-19 pandemic on the gender perspective of labour relations".Knowledge International Journal Scientific Papers, 44 (3). pp. 239-244. ISSN 2545-4439.**

Кратка евалуација: Семејствата денес се соочуваат со многу предизвици како што се: сиромаштија, невработеност, социјална заштита, проблеми во бракот и родителството, родова нееднаквост, семејно насилство, рамнотежа меѓу работата и семејството итн. Иако овие предизвици се товар за сите членови на семејството, родовата нееднаквост и стереотипите во нашето општество го зголемува притисокот врз жените. Во време кога се соочуваме со пандемијата на коронавирус, овие предизвици добиваат ново значење и бараат дополнителна анализа. Овој труд има за цел да обезбеди анализа на ефектите од пандемијата на Ковид-19 врз трудот на жените, да ги укаже потребите од родова перспектива во креирањето политики и инструменти за помош и поддршка на жените и да даде препораки за подобрување на рамнотежата помеѓу работата и семејството во време на криза, но и генерално.

**I/7. Радуловиќ, Македонка и Тодорова, Билјана (2021): „Родова перспектива на рекламните пораки во Република Северна Македонија". Marketing, 7 (14). pp. 68-76. ISSN 857-9787.**

Кратка евалуација: Медиумите, односно телевизијата имаат клучни влијание врз формирањето на јавното мислење и создавање на сликата за родовите улоги. Според тоа како се прикажани двата пола, децата можат да си создадат слика за тоа какви треба да бидат кога ќе пораснат, односно како треба да се однесуваат со спротивниот пол. Затоа се поставува прашањето: како рекламните пораки што се прикажуваат на телевизија ги портретираат мажите и жените? Дали постојат стереотипи и дискриминација затскриени зад убаво спакувана реклама? Овој труд претставува анализа на некои рекламни пораки кои се емитуваат на македонските телевизии, на нивната содржина, застапеност на половите и пораката која ја пренесуваат. Целта е да се утврди родовата перспектива во овие пораки.

**I/8. Тодорова, Билјана (2021): „Пандемијата КОВИД-19 и остварување на правото на парични надоместоци од задолжително здравствено осигурување". Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, XI (11). pp. 93-98. ISSN 1857-8713.**

Кратка евалуација: Во трудот се анализира задолжителното здравствено осигурување, односно попрецизно паричните надоместоци од здравствено осигурување. Прво се наведуваат видовите права на парични надоместоци од задолжителното здравствено осигурување, потоа се даваат основните насоки за нивното остварување со упатување на нивна практична примена во услови на пандемијата со Ковид-19. Покрај тоа, во трудот се дава толкување и одговор на прашањето како се регулира правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа на вработените лица кои имаат симптоми и се заболени од Ковид-19, на лица кои се во изолација заради спречување на зараза, но се асимптоматични (односно немаат знаци на болеста), а за кои е констатирано дека се заболени од Ковид-19, како и за лица кои се во изолација заради спречување на зараза, но за нив не е потврдено дека се заболени од Ковид-19.

**I/9. Todorova, Biljana (2021): "The COVID-19 pandemic and violations of workers rights". Eighth International Scientific Conference Social Changes in the Global World, 1 (1). pp. 301-312. ISSN 316.42:34(100)(062).**

Кратка евалуација: Трудот се фокусира на остварување на правата и обврските од договорот за вработување во услови на пандемијата со Ковид-19 кога се ограничија одделни права на работниците од страна на државата и нејзините институции, како на пример слобода на движење, слобода на работа, користење на боледување, на одмори (здравствените работници не можеа да користат одмори), разни отсуства од работа. Сето тоа е, всушност, релативизирање на обврските кои се воспоставени, а во услови на виша сила и работа од дома станува неопходно да се стават во прецизни правни рамки.

**I/10. Todorova, Biljana (2021): "Current issues of the social status and protection of the family in the Republic of North Macedonia". Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy (2-5 September, Struga 2020). pp. 781-792.**

Кратка евалуација: Во трудот се поаѓа од член 40 од Уставот на Северна Македонија од 1991 година кој предвидува дека Републиката обезбедува посебна грижа и заштита на семејството што, на некој начин, е составен елемент на пошироката уставна категорија дека Република Северна Македонија е социјална држава. Кога се набљудуваат социјалните права во државата, предвидени со уставните одредби, понатаму разработени со одредени правни акти - може да се заклучи дека постои научна и општествена оправданост во трудот да се елаборираат актуелните прашања на социјалниот статус и социјалната заштита на македонското семејство. Се воочува дека на ниво на државата се преземаат чекори, мерки и активности за утврдување на општествените потреби на семејствата како и нивна идентификација за давање поддршка и помош.

**I/11. Todorova, Biljana (2020): "New Forms of Employment, A Challenge for Social Security System". Proceedings of The 5th International Conference on New Findings On Humanities and Social Sciences. pp. 1-13.**

Кратка евалуација: Иако во изминативе две децении бројот на работници со нестандардна форма на вработување значително порасна, за нив и понатаму се смета дека се во „атипично" вработување и често овие работници не се вклучени во програмите за социјално осигурување. Оттука, ефектите од „новите" форми на вработување ја загрозуваат финансиската одржливост на социјалните програми со плаќање на придонес. Трудот има за цел да ги истакне предизвиците на традиционалното финансирање на социјално осигурување во поглед на опфатот на оваа категорија на работници.

**I/12. Todorova, Biljana and Radulovik, Makedonka (2020): "Work-Life Balance: Challenges of gender equality in the labor market in the The Republic of North Macedonia VS European Union". ECLIC EU and comparative Law Issues and Challenges International Scientific Conference (4). pp. 751-770. ISSN 2459-9425.**

Кратка евалуација: Неодамна на ниво на ЕУ се донесе Директива за рамнотежа помеѓу приватниот живот и работата на родителите и старателите која поставува неколку нови или повисоки стандарди за отсуство на родителите, татковство и старателство, и наметнува поголема употреба на флексибилните договори за вработување. Целта на директивата е да се зголеми вклученоста на жените на пазарот на трудот и да се промовира поголемо користење на родителското отсуство од страна на машките работници. Мотивирани од ова, во трудот се прави компаративна анализа и критички преглед помеѓу правото и политиките кои постојат во земјите членки на Европската Унија и Република Северна Македонија

кои се директно поврзани со унапредувањето на рамнотежата помеѓу семејството и работата. Целта на овој труд е да се види како македонскиот трудово-правен систем е подготвен да одговори на предизвикот поставени од оваа Директива и да се дадат предлози и насоки кои би ја подобриле ситуацијата на домашниот пазар на трудот.

**I/13. Тодорова, Билјана (2020): „Влијание на еколошката транзиција врз работните места". Proceedings of the Seventh International Scientific Conference "Social changes in the global world" (7). pp. 445-458. ISSN 978-608-244-778-0.**

Кратка евалуација: Главната теза во трудот е дека хармонизацијата на еколошкото законодавство ќе се одрази на пазарот на трудот. Во практиката се забележува појава на нови „зелени" работни места и трансформација на постојните. Со преминот кон позелена економија за очекување е во некои сектори и индустрии да се создаваат нови вработувања, но во други може да се намалуваат одредени занимања, па дури и да згаснат цели погони и индустрии. Оттука, може да се очекува дека транзицијата кон еколошки чисти работни места ќе ја зголеми невработеноста. Осигурувањето во случај на невработеност тука има значајна улога, во смисла на развој на вештини кои им се потребни на невработените лица, односно работно оспособување за да можат да се вратат на работа во еколошки одржлива економија.

**I/14. Stojanovski, Strasko and Koceva Lazarova, Limonka and Todorova, Biljana (2020): „Политики на високо образование: Веројатност во перцепциите на средношколците за студирање на универзитетите". Proceedings of the Seventh International Scientific Conference "Social changes in the global world" (7). pp. 729-756. ISSN 978-608-244-778-0.**

Кратка евалуација: Реформите во високото образование, од воведувањето на ЕКТС системот до денес, означуваат еволутивна етапа во македонскиот високообразовен систем. Ваквите реформи го комерцијализираа образовниот процес со мултиимпликација и дисперзија – студирање на македонски студенти надвор од државата – и упатува на глобални и регионални образовни политики на либерализација на образовниот процес. Сепак, политиките во високото образование, како во регионот така и во земјата, упатуваат на доминација на квалитетот и квантитетот во државните наспроти приватните високообразовни институции. Ваквите движења се пресликуваат и во перцепциите на средношколците во однос на можноста за продолжување на нивното образование на терцијално ниво.

**I/15. Radulovik, Makedonka and Todorova, Biljana and Avirovich, Irena (2020): "Adolescent pregnancy occurrence and consequences". Prizren Social Science Journal, 4. pp. 28-34. ISSN 2616-387 X.**

Кратка евалуација: Бременоста во периодот на адолесценција неповратно го менува животот на малолетниците. Тоа има влијание врз нивното здравје, образованието, социјалниот живот и нивната иднина како возрасни. Исто така, семејствата на малолетните родители се директно засегнати од последиците, нарушувајќи ја функционалноста на семејството. Во поширока смисла, здравствениот систем и општественото функционирање се целосно оптоварени. Целта на овој труд е да се анализира моменталната состојба на оваа тема, преку достапните индикатори за наталитетот и за смртноста на мајките и децата во светот. Квалитативното истражување спроведено помеѓу студентите (од 18 до 22 години), треба да даде повеќе информации за употребата на контрацепција меѓу

младите, нивното мислење за важноста на контрацепцијата... Важни прашања се: Дали се добро информирани за контрацепцијата; Дали се достапни производите за контрацепција; Дали се чувствуваат доволно слободни да разговараат со родителите на тие теми... итн.

**I/16. Todorova, Biljana (2020): „Европски социјални модел - изазови и перспектива социјалног модела Републике Северне Македоније". Зборник радова „Правна традиција и интегративни процеси", 2. pp. 83-98. ISSN 978-86-6083-065-6.**

Кратка евалуација: И во договорите на Европската Унија и во изјавите на Советот на Европа се препознава дека европскиот социјален модел е важен елемент на процесот на европска интеграција. Европските земји не користат само еден социјален модел, туку имаат неколку широки карактеристики. Во оваа смисла, овој труд го истражува карактерот, значењето и перспективата на европскиот социјален модел и, во таа насока, и предизвиците и перспективата на социјалниот модел на Република Северна Македонија. Во трудот се анализира и потребната поддршка за политичките и регулаторните реформи потребни во процесот на пристапување во Европската Унија.

**I/17. Тодорова, Билјана и Радуловиќ, Македонка (2020): „Семејно-работен баланс како главен столб на семејните политики". Годишен зборник, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Филозофски факултет - Скопје. pp. 493-502. ISSN 03501892.**

Кратка евалуација: Во трудот се прави преглед на литературата за рамнотежа меѓу работата и семејството, вклучувајќи и дискусија за главните причини и исходи од семејно-работниот баланс. Понатаму се појаснува теоријата за граница меѓу работата и семејството – како нова теорија за семејно-работен баланс. Запознавање со политиките и практиките во земјите-членки на Европската Унија и се анализира важноста од воведување семејно-пријателски политики за рамнотежа меѓу работата и семејството во нашата земја. Трудот завршува со предлози за натамошно унапредување на македонските политики за семејството.

**I/18. Тодорова, Билјана (2020): „Еднаква плата за работа со еднаква вредност". Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип 10 (10). pp. 119-123. ISSN 1857-8713.**

Кратка евалуација: Имајќи го предвид фактот што правото на еднаква плата е признаено како човеково право за сите, во трудот се прави анализа на овој концепт во македонското трудово законодавство. Тој претставува критериум за плаќање на работниот ангажман на мажите и на жените за работа со еднаква вредност, т. е. исто работно место. Овој концепт веќе со децении е принцип во меѓународното трудово право, инфилтрирајќи се се повеќе како стандард и во националните законодавства. Со употреба на правниот и социолошкиот метод во трудот се доаѓа до заклучок дека во Северна Македонија проблемот не е во легислативата, туку во недоволната информираност за правата на жените во врска со оваа тематика. Други проблеми се неинформираноста дека правото за еднаква плата за еднакво вреднувана работа е регулирано и со закон, ниското ниво на свесност и непостоењето на стриктни мерки за транспарентност на платите, но исто така и стравот од губење на работното место доколку работничката го пријави работодавачот за кршењето на овој принцип.

**I/19. Todorova, Biljana (2020): "Reform of the pension system in the European Union - various forms same challenges". Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38 (5). pp. 1229-1234. ISSN 2545-4439.**

Кратка евалуација: Целта на овој труд е да ги претстави, објасни и анализира спецификите на различните пензиски системи во земјите-членки на ЕУ за да се утврди кој од нив би дал најдобар ефект. Преку социолошкиот метод се истражуваат социјалните причини кои го поттикнале постоењето на одреден пензиски систем со посебни карактеристики. Дадени се препораки за политики кои би биле најсоодветни при реформирањето на националниот пензиски систем во смисла на соодветни, безбедни и одржливи пензии.

**I/20. Тодорова, Билјана и Стојановски, Страшко и Денкова, Јадранка (2019): „Социјална заштита на жртви на семејно насилство и ставови на јавното мислење". Годишен зборник - 2019, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 9 (9). pp. 78-91. ISSN 1857-8713.**

Кратка евалуација: Прашањето на семејно насилство, иако во глобални рамки се адресира подлабоко низ историјата, во регионот на Југоисточна Европа и во државата практичната примена на неговата превенција во многу начини зависи од традиционалните односи во заедниците. Во трудот се претставува основната нормативна рамка за превенција и заштита на жртвите од семејно насилство, притоа инкорпорирајќи кривично-правни, граѓански аспекти, како и аспекти на организирање на соодветните институции на државната управа, во прв ред центрите за социјална работа. Освен тоа, за трудот е спроведено истражување во почетокот на 2019 година од тим на професори и студенти на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип преку кое се согледуваат основните детерминанти и ставови на јавното мислење за прашањата поврзани со семејното насилство.

**I/21. Temjanovski, Riste and Todorova, Biljana (2019): "Traffic safety promotion and awareness-raising campaign: organizational and ecological issues". Journal of Economics, 4 (2). pp. 1-9. ISSN 1857-9973.**

Кратка евалуација: Во септември 2015 година беа усвоени измени и дополнувања на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата во Република Македонија, со кои, како битна новина се определи максимално дозволената брзина на возилата наместо дотогашните 60 да изнесува 50 километри на час. Истовремено, беа усвоени и мошне построги казни за возачите кои не го почитуваат ова ограничување. Идејата на овие мерки беше да се создаваат услови за поголема безбедност во сообраќајот, посебно кај пешаците и конкретно намалување на бројот на собраќајни несреќи во кои најчесто страдаат токму пешаците. Анализите покажуваат дека измената, покрај добрата намера, предизвика други потешкотии, како што се намалување на пропусната моќ на улиците во населените места и негативно влијание врз еколошките услови, видливо поголемо загадување на воздухот, зголемена бучава и штетно дејство врз непосредната урбана средина. Во трудот се прави пресек на потребните подготовки за поефективна примена на овие законски решенија и за штетните дејства врз животната средина во градските центри во Република Македонија.

**I/22. Тодорова, Билјана (2019): „Социјална заштита на вработената жена за време на бременост и мајчинство". Општествените промени во глобалниот свет, 1 (6). pp. 137-152. ISSN 978-608-244-353-9.**

Кратка евалуација: Во трудот се прави споредбена анализа на ова право во конвенциите на Меѓународната организација на трудот и во правото на Европската Унија, а во тој контекст се елаборираат предизвиците на законодавството на Северна Македонија. Понатаму во трудот е извршена динстинкција помеѓу правата од бременост и правата од породилно/ родителско отсуство кои се одделно регулирани и за чија исплата на парични надоместоци се задолжени различни институции. Правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство го имаат осигурениците под услови предвидени во законите од областа на работни односи и законодавството за здравствено осигурување или социјална заштита. Оттаму, следи и преглед на организацијата на парични бенефиции за мајчинство во согласност со овие закони. Главен инструмент при анализата во трудот е критичкиот осврт на важечкото законодавство кое се однесува на овој вид на парични надоместоци од социјално осигурување и заштита.

**I/23. Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and Todorova, Biljana (2019): "Challenges and opportunities of the Macedonian pension system according the EU Recommendations (Social, legal and financial aspects)". EU and comparative law issues and challenges series ( ECLIC 3) (3). pp. 988-1007. ISSN 2459-9425.**

Кратка евалуација: Реформираниот пензиски систем во Република Северна Македонија создаде интерес заснован на три аспекта: правен, финансиски и социјален. Затоа, трудот има за цел да обезбеди не само преглед на законодавството за пензиски систем во Северна Македонија, моделот на финансирање на реформираниот пензиски систем туку и да го земе предвид социјалниот карактер на пензискиот систем. Следејќи ги основните европски вредности и придржувањето кон препораките на ЕК, кои беа потенцирани во последните 10 години за Северна Македонија, земјата останува умерено подготвена во оваа област. Брзото зголемување на износот на пензиите и напорите за подобрување на правната, институционалната и социјалната рамка за пензискиот систем во Северна Македонија станаа нов товар за Фондот за јавни пензиски фондови. Трудот дава приказ на постојната состојба и анализа на причините и можните решенија.

**I/24. Радуловиќ, Македонка и Тодорова, Билјана (2019): „Парични примања од социјална заштита на деца – осврт на правото на детски додаток". Годишен зборник на Филозофски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 72. pp. 589-601. ISSN 0350-1892.**

Кратка евалуација: Во трудот се прави осврт на најзастапената социјална финансиска помош на семејството со деца – правото на детски додаток. Понекогаш ова право е условено од вработување на родителите, школување на децата, вакцини и здравствени прегледи. Правото на Европската Унија пропишува дека детските бенефиции/исплатата на детскиот додаток ги презема земјата на живеење во која живее или работи граѓанинот на ЕУ, независно од неговата националност. Оттаму, во трудот, со примена на компаративниот метод, се прави преглед на остварување на правото на детски додаток во некои од земјите на ЕУ. Главен инструмент при анализата во трудот е критичкиот осврт на важечкото национално законодавство кое се однесува на правото на детски додаток и системот на социјална заштита на децата.

**I/25. Todorova, Biljana (2018): "How to reinforce the social prevention". Knowledge – International Journal, 28 (1). pp. 259-264. ISSN 2545-4439.**

Кратка евалуација: Предмет на анализа во овој труд е социјалната превенција во Република Македонија како битен елемент на системот на социјална заштита. Најпрвин се елаборира правната заснованост на социјалната превенција (делови од Уставот на Република Македонија и од Законот за социјална заштита), потоа е претставена програмската концепција за социјална превенција содржана во соодветни акти на државните органи, како и предвидените активности заради зајакнување и унапредување на социјалната превенција. Изнесени се и аналитички размислувања за правната и програмската концепција на социјалната превенција во Република Македонија.

**I/26. Radulovik, Makedonka and Todorova, Biljana (2018): "Sexual abuse of children and their protection". International Scientific Journal "Centrum" (10). pp. 212-227. ISSN 1857-9396.**

Кратка евалуација: Сексуалната злоупотреба на деца е проблем со кој се соочуваат општествата на глобално ниво и е најтешко кршење на правата и достоинството на децата. Системот на заштитни интервенции треба да опфаќа различни нивоа на превенција, препознавање и откривање на жртви, справување со жртви и сторители на сексуална злоупотреба. РМ има развиено законодавство и го усвои европското законодавство во врска со ова прашање и има развиено систем за социјална заштита на децата жртви на сексуална злоупотреба. Сепак, и покрај декларативната поставеност на заштита на децата од сексуална злоупотреба, има многу недоследности. Земајќи ги предвид сознанијата за распространетоста на сексуална злоупотреба на деца, овој труд на преден план ја става токму споменатата форма на насилство. Целта е да се добие целосна слика за дефинирањето на овој проблем, состојбата, како и за воспоставувањето на системот на правна и социјална заштита во однос на сексуалната злоупотреба на децата.

**I/27. Todorova, Biljana and Belovski, Vojo (2018): "Sources of the power and the authority of managers". Knowledge – International Journal, 28 (1). pp. 79-84. ISSN 2545-4439.**

Кратка евалуација: Трудот поаѓа од општиот пристап за содржината и суштината на категориите *власт* и *моќ* и нивниот меѓусебен однос на ниво на теоретска анализа и практично постоење и пројавување. Се анализираат изворите од кои произлегуваат власта и моќта на менаџерите, имајќи ја предвид нивната позиција и улога во организациите и во другите облици на постоење на менаџерската функција. Понекогаш моќта и власта во организацијата произлегуваат од положбата на лицето во организацијата или, пак, од знаењето и вештините што ги поседува определено лице. Други ја изразуваат својата моќ во меѓучовечките односи преку својот карактер. Се истакнува дека во практиката се случува поединецот да има формална власт и да нема реална моќ.

**I/28. Тодорова, Билјана (2018): "Улогата на вештачката интелигенција во остварувањето на социјалните права". IDEA, International Journal of Science and Arts, 2 (3). pp. 135-140.**

Кратка евалуација: Познато е дека социјалните права своја основа имаат и во акти и документи од меѓународен карактер (декларации, пактови, конвенции) и од домашен (на конкретната држава) карактер (устав, закони, програми и слично). За остварување на одделните социјални права (како што се социјална сигурност и

заштита, здравствено осигурување и здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување, посебни социјални права) практично се изградува систем низ кој се идентификуваат и се остваруваат тие права (со правна регулатива, со утврдени принципи, овластени и задолжени институции и субјекти, процедури и постапки). Вештачката интелигенција како широка концепција и практична дејност има и може да има важна улога во обликувањето и функционирањето на овие системи заради остварување на социјалните права. Во трудот се прави основен преглед на димензиите и компонентите на улогата на вештачката интелигенција во остварувањето на социјалните права.

**I/29. Тодорова, Билјана (2018): „Општествената/ правната одговорност и вештачката интелигенција". IDEA International Journal of Science and Arts, 2 (3). pp. 141-146.**

Кратка евалуација: Појдовен став на трудот е дека доаѓањето на вештачката интелигенција предизвикува загриженост поради компјутеризираните одлуки, посебно затоа што вештачката интелигенција се шири во сè повеќе и повеќе области на општествениот живот. Таа е присутна во банкарскиот, правниот и деловниот сектор, потоа во националните здравствени институции и влади. Сепак, проблемот не е во нејзината раширеност, туку во правичноста и одговорноста. Постојат голем број случаи во кои вештачката интелигенција згрешила, без разлика дали поради грешка во кодирањето или поради вкоренетите предрасуди во податоците на кои е обучена. Поради многу широката употреба на вештачката интелигенција, која сè повеќе се проткајува во многу области на општествениот живот, со регулирањето на нејзината употреба треба да се занимаваат највисоките управни органи во земјите во кои се користи.

**I/30. Тодорова, Билјана и Беловски, Војо (2018): „Односот меѓу трудовото и социјалното право со осврт на предизвиците на социјалното право во Република Македонија", Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип (8). pp. 128-136. ISSN 1857 – 8713.**

Кратка евалуација: Актуелизирањето на односот меѓу трудовото право и социјалното право, како гранки на правото и како наставно-научни дисциплини, е поттикнато од сознанието дека социјалното право е поретко застапено во студиските програми на правните факултети во Република Македонија, и тоа и во државните и во приватните универзитети. Во трудот е извршен основен преглед на мислењата за односот меѓу овие две гранки на правото и наставно-научните дисциплини, како и преглед на статистичките показатели за тоа каде и како се изучува социјалното право во Република Македонија и во некои земји од Европска Унија. Еден дел е посветен на предизвиците на социјалното право и на социјалната политика во нашата земја со оглед на поширокaта општествено-економска состојба во државата и во рамките на сложениот процес на приближување на социјалната политика кон европскиот модел на социјална политика.

**I/31. Тодорова, Билјана и Радуловиќ, Македонка (2018): „Омбудсманот и правата на детето во Република Македонија". Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип (8). pp. 137-146. ISSN 1857 – 8713.**

Кратка евалуација: Во трудот е извршена компаративна анализа на состојбите, констатациите и препораките што ги утврдил Народниот правобранител на РМ во однос на правата на детето за 2016 и 2017 година. Споредбените сознанија се однесуваат на правата на детето во семејството, на насилството врз децата, на

правата на децата кои припаѓаат на ранливи и маргинализирани групи, односно деца кои се бегалци/ мигранти, потоа на прашањата од областите на здравствената заштита и образованието на најмладиот дел од населението, како и на правата на децата со посебни потреби. Појдовна основа на елаборацијата се уставните и законските надлежности на Омбудсманот на Република Македонија и уставната и законската заштита на правата на децата во нашата земја. Оправданоста од подготовка на ваква анализа може да се пронајде во фактот што многу често во јавноста (медиумите, социјалните мрежи, дебатите) како заштитници на правата на детето се појавуваат граѓански, невладини организации, а поретко се присутни наоди во оваа област од страна на Народниот правобранител.

**Кратка евалуација на универзитетскиот учебник**

**II/1. Тодорова, Билјана (2023). Социјално право (учебник). Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.**

Учебникот „Социјално право“ претставува заокружена целина на повеќегодишна анализа и истражување на теми поврзани со правните аспекти на домашната и меѓународна социјална проблематика. Учебникот е наменет првенствено за изучување на предметот Социјално право од страна на студентите на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија, за сите насоки на прв циклус студии. Преку него, се очекува студентите, а и сите заинтересирани субјекти, да добијат продлабочени знаења за теоретските и практични аспекти неопходни за разбирање и спроведување на социјалното осигурување и социјалната заштита во земјава.

**Кратка евалуација на монографиите**

**II/2. Тодорова, Билјана; Апасиев, Димитар; Иванова, Елена; Шутова, Милица; Кошевалиска, Олга; Стојановски, Страшко (2020) „Семејно насилство“, Project Report. Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.**

Во ова дело наставниот и академски кадар на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип го артикулира својот светоглед, низ призмата на сопствената суспецијалност. Токму во соработката, во која се вклучени историски, граѓанско-правни, кривично-правни, социолошки, феноменолошки и криминолошки аспекти на семејното насилство, се пронајдоа професорите Тодорова, Апасиев, Кошевалиска, Максимова, Стојановски и Шутова и како финален производ го продуцираа ова дело. Делото претставува мал придонес од дел од академскиот колектив на Правниот факултет во Штип кон јавната дебата која треба да биде производ иницирaн од научната скепса, пласираните тези, проблематизираните прашања и, секако, можноста да се понудат решенија за одредени општествени проблеми. Се надеваме дека, иако млад, во втората декада од своето постоење, Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ќе се гради поинтензивно и во овој правец на поврзување на професорот, студентот, јавното мислење, дебатата, дискурсот и јавниот интерес воопшто.

**II/3. Беловски, Војо и Тодорова, Билјана (2019) „Прирачник - Работни односи: паузи, одмори, отсуства, мирување на работниот однос и прекувремена работа со коментар на прописите и упатства за современите и успешни кадровски служби“, Manual. Инспект Офис - редакција за стручна литература, Делчево.**

Овој труд, всушност, е коментар и упатства за корисниците што претставува обид авторите да дадат свој придонес за поквалитетна практична примена на дел од прописите – законските решенија од областа на работните односи. Во современата трудово-правна теорија за одморите се зборува како за едно од основните права од работниот однос. Во неа се истакнува дека одморите претставуваат прекин на физичките и интелектуалните, односно работните активности и функции на вработените лица во текот на работното време. Основниот мотив при утврдувањето на правото на одмори во текот на работата е овозможување на обновувањето на работните способности на работникот, односно на неговите физички и интелектуални способности.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката вонреден проф. д-р Билјана Тодорова, покрај во наставно-образовната и во научноистражувачката дејност на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, има низа активности и во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Конкретните активности се прикажани во листата подолу.

**V. Членство на факултетски органи и комисии**

1. Член на Наставно-научен совет на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип од 2018 година.

2. Одлука бр. 0201-802/13 од 14.12.2022 година за формирање работна група за усогласување на стандарди за надворешна евалуација на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. Решение бр. 0206-664/1 од 18.10.2022 година за формирање повремена комисија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип која ќе работи на допрецизирање на детали за утврдување на уредбата за Фраскатиева класификација на области.

3. Одлука бр. 1102-164/13 од 09.12.2022 година за одредување ментори на студиските програми на Правен факултет за учебната 2022/2023 година.

4. Одлука бр. 1102-140/8 од 04.10.2022 година за избор на продекан за меѓународна соработка и наука на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип.

5. Одлука бр. 1102-112/6 од 17.6.2022 година за формирање на конкурсна комисија за запишување на студенти на втор циклус на студиските програми на Правен факултет за учебната 2022/2023 година.

6. Одлука бр. 1102-144/18 од 16.12.2021 година за одредување на ментори на студиските програми на Правен факултет за учебната 2021/2022.

7. Одлука бр. 1102-48/35 од 04.03.2020 година за избор на нови членови во дисциплинската комисија на Правен факултет, Универзитет Гоце Делчев, Штип.

8. Член на комисии за оцена и одбрана на дипломски трудови од наставно-научната област Социјално право и од сродни области: Одлука бр.1103-82/1 од 6.5.2019 година; Одлука бр 1103-94/2 од 10.6.2019; Одлука бр. 1103-34/2 од 22.1.2021; Одлука бр. 1103-62/1 од 11.6.2020; Одлука бр. 1103-54/1 од 25.2.2019; Одлука бр. 1103-100/2 од 17.6.2019; Одлука бр. 1103-62/1 од 12.3.2019; Одлука бр. 1103-63/2 од 14.3.2019; Одлука бр. 1103-150/3 од 21.10.2019; Одлука бр. 1103-62/1 од 11.6.2020; Одлука бр. 1103-67/1 од 3.7.2020; Одлука бр. 1103-126/2 од 12.9.2019; Одлука бр.

1103-58/1 од 4.3.2019; Одлука бр. 1102-152/48 од 31.10.2019; Одлука бр. 1102-152/48 од 31.10.2019; Одлука бр. 1103-163/1 од 11.11.2019; Одлука бр. 1102-48/35 од 4.3.2020; Одлука бр. 1103-87/1 од 23.9.2020; Одлука бр. 1103-99/3 од 26.10.2020; Одлука бр. 1103-99/3 од 26.10.2020.

9. Член на комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови од наставно-научната област Социјално право и од сродни области: Одлука бр. 1102-91/21 од 17.6.2019 година; Одлука бр. 1102-104/9 од 28.6.2019; Одлука бр. 1102-104/8 од 28.6.2019; Одлука бр. 1102-152/48 од 31.10.2019; Одлука бр. 1103-130/2 од 17.9.2019; Одлука бр. 1102-129/9 од 18.9.2019; Одлука бр. 1102-168/21 од 20.11.2019; Одлука бр. 1102-63/21 од 14.4.2021; Одлука бр. 1102-63/22 од 14.4.2021; Одлука бр. 1102-84/17 од 28.5.2021; Одлука бр. 1102-93/10 од 15.6.2021; Одлука бр. 1102-76/5 од 5.5.2021.

10. Решение бр. 08-426/12 од 14.12.2022 година за акредитација на ментор на докторски студии од Агенција за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование.

Од сето претходно елаборирано преку приложените и наведените факти и податоци се потврдуваат наставно-образовната и научно-истражувачката дејност, како и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на кандидатката.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените биографски податоци и елаборираните информации за наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната активност на пријавената кандидатка за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област Социјално право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со задоволство констатира дека кандидатката Билјана Тодорова во целост ги исполнува барањата на Конкурсот.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатката, Комисијата го констатира следново:

1. Кандидатката вонреден проф. д-р Билјана Тодорова има одбрането докторска дисертација од областа на Трудовото право која соодветствува на областа за која е распишан Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања;

2. Од списокот на објавените научноистражувачки и стручни трудови и нивната содржина, Комисијата утврди дека кандидатката вонреден проф. д-р Билјана Тодорова има објавено голем број трудови од областа на Социјалното право во релевантни домашни и меѓународни научни публикации и мошне активно работи на истражувања од оваа област;

3. Кандидатката вонреден проф. д-р Билјана Тодорова има издадено универзитетски учебник во наставно-научната област за која се избира;

4. Преку досегашната работа и повеќегодишното искуство во академската област, како предметен наставник, кандидатката вонреден проф. д-р Билјана Тодорова се издвојува и се докажува со стручност, академска зрелост и сериозен пристап во работењето во академската средина;

5. Стручно-апликативната надградба на кандидатката, докажана со приложените сертификати стекнати со учество на многубројните научни конференции и стручни настани, несомнено покажува дека станува збор за кандидатка која може да даде посебен придонес, како во унапредувањето на академската професија, така и во пренесувањето на стекнатите практични знаења на студентите;

6. Кандидатката по изборот во звање вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има покажано голема активност на полето на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ), стручно-апликативната и организациско-развојната дејност (СА+ОР), при што може да се констатира дека ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областа Социјалното право. Од приложената табела на крајот од овој извештај се гледа дека кандидатката има остварено (НО)=40; (НИ)=267; (САОР)=116 или вкупно 423 поени.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката проф. д-р Билјана Тодорова во целост ги исполнува законските основи и предвидените општи и посебни услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област Социјално право.

Оттаму, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот извештај и нашиот предлог кандидатката проф. д-р Билјана Тодорова да ја избере за наставник во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област Социјално право (50821).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Тодор Каламатиев, редовен професор во пензија, претседател
Д-р Лазар Јовевски, редовен професор, член
Д-р Борка Тушевска Гавриловиќ, редовен професор, член

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | ВКУПНО | | | | | 40 |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Монографија или научна книга (II/1) | 1 | 10 | 0 | 15 | 10 |
| 2. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (Прв автор: I/4, I/5, I/6, I/8, I/12, I/16, I/17, I/18, I/19, I/20, I/25, I/27, I/28, I/29, I/30, I/31 Втор автор: I/7, I/15, I/21, I/24, I/26) | 9/6/3<br>9 поени x 16 трудови = 144<br>6 поени x 5 трудови =30 | | | | 174 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (I/1, I/2, I/3, I/9, I/10, I/11, I/13, I/14, I/22, I/23) | / | 2 | 10 | 3 | 30 |
| 4. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | / | 3 | 1 | 6 | 6 |
| 5. | Секциско предавање на научен собир, (III/5) | 1 | 2 | / | 4 | 2 |
| 6. | Одржано предавање по покана од научна институција (III/4, III/2, III/4) | 2 | 2 | / | 3 | 4 |
| 7. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) (III/1, III/3, III/10, III/14) | / | 1/1,5 | 4 | 1,5/2 | 8 |
| 8. | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | / | 8 | 8 |
| 9. | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | / | 4 | 4 |
| 10. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (IV/2) | / | 2 | 1 | 3 | 3 |
| 11. | Член на организациски или научен одбор на научен собир | 2 поени x 1 одбор = 2 | | | | 2 |
| 12. | Студиски престој во странство<br>Катедра по медицинско право, Правен факултет, Карлов Универзитет, Прага, Чешка, 30.05 – 06.04.2022 год. | 8 (еднократно) | | | | 8 |
| 13. | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 2/1,5/1<br>1 поени x 8 трудови (останати)=8 | | | | 8 |
| | ВКУПНО | | | | | 267 |

| Р. бр. | Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Стручна монографија (II/2, II/3) | 2 | 8 | / | 10 | 16 |
| 2. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (IV/1, IV/3, IV/4) | 0 | 5 | 3 | 8 | 24 |
| 3. | Учество во изработка на елаборати за акредитација на студиски програми на втор и трет циклус студии на Правен факултет | 2 | 2 | / | 4 | 4 |
| 4. | Член на комисии за одбрана на диплоски и магистерски трудови | 32 | 2 | / | / | 64 |
| 5. | Продекан<br>Одлука бр. 1102-140/8 од 04.10.2022 година за избор на продекан за меѓународна соработка и наука на Правен факултет, Универзитет „Гоце делчев“, Штип. | 8 | | | | 8 |
| | ВКУПНО | | | | | 116 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 423 |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ СИМУЛАЦИЈА И ОБРАБОТКА НА ИНФОРМАЦИИ НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1802-52/4 од 30.3.2023 година донесена на 192 седница на Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет, одржана на 30.3.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за научните области Симулација и Обработка на информации на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

1. Д-р Татјана Атанасова-Пачемска, редовен професор на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
2. Д-р Наташа Стојковиќ, вонреден професор на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
3. Д-р Александар Карадимче, доцент на Факултет за информатички и комуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 11.3.2023 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

- Д-р Ристе Тимовски, доктор на технички науки од областа на информатиката.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Ристе Тимовски е роден на 08.12.1982 година во Штип, Република Македонија. Основно образование завршил во училиштето „Ванчо Прке“ во Штип, со просек 5,00. Средно образование завршил во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ во Штип, Природно-математичка насока, со просек 5,00. Додипломските студии ги завршил на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Електроника и телекомуникации со просечен успех 8,93 со што се стекнал со звањето **дипломиран инженер по електротехника**.

На 15.5.2014 година ги завршил постдипломските студии на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на насоката Софтверско инженерство со просечен успех 9,8 со што се стекнал со стручен назив **магистер по информатички науки** – софтверско инженерство. Изработениот магистерски труд е со наслов: „Примена на линеарното програмирање во функција на утврдување на квалитетот на некои универзитетски студиски програми“.

На 25.2.2022 година ги завршил докторските студии на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип на насоката Компјутерска техника и информатика со просечен успех 10,00 со што се стекнал со стручен назив **доктор по технички науки** од областа на информатиката. Изработената

докторска дисертација е со наслов: „Примена на комбиниран метод од техники за математичка оптимизација во процесот на евалуација на студиски програми во високото образование“.

Кариерата ја започнал како инженер за развој на софтверски решенија во Секторот за развој, иновации и проекти, во Сименс, Атина, Република Грција, каде работел во периодот од август, 2007 до август 2008 година.

Од септември 2008 година до денес е вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на неколку работни позиции:

- 08.2008 – 10.2012 – ИТ администратор за софтверски решенија (апликативен софтвер);
- 10.2012 – 01.2014 – сениор ИТ систем администратор за средства и техничка поддршка;
- 02.2014 – денес – Раководител на Секторот за електронски индекс при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во чии рамки се реализира развој на софтверски решенија за потребите на Универзитетот со Е-индекс како централна платформа.

Учествувал во повеќе работни тела и комисии на Универзитетот:

- Централна комисија за упис на студенти;
- Комисија за имплементација  на ИСО стандард за квалитет во работењето на Универзитетот;
- Комисии за спроведување на јавни набавки во делот на ИКТ технологиите.

Заради придонес во работата на Универзитетот, добил и две награди:

- Награда од ректор за посебен придонес и посветеност во развојот на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип;
- Награда на ИТ центар за најдобар центар/ сектор во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, во времето кога е ангажиран во рамките на овој Центар / Сектор.

Во периодот од 2017 до 2019 година, во текот на докторските студии е ангажиран  како соработник-докторанд на Електротехнички факултет на прв циклус на студии, во рамките на предметот Моделирање и симулација (во втора студиска година, четврти семестар) каде успешно ги реализира сите активности доделени во координација со предметниот професор. Освен тоа, ангажиран е и како гостин-предавач на Економски факултет.

Во делот на научноистражувачката работа учествувал во реализација на повеќе меѓународни научноистражувачки проекти, каде успешно го применил и проширил стекнатото знаење и вештини. Во рамките на тие активности, на научни собири има изработено и презентирано поголем број на научноистражувачки трудови кои се објавени во меѓународни публикации/ списанија. Освен тоа, раководел и со неколку интерни апликативни проекти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот посетил и повеќе стручни курсеви, од каде се стекнува со соодветни знаења и сертификати во делот на проектен менаџмент, што потоа го применува во секојдневното работење, како во делот на апликативната работа, така и во сферата на научно-истражувачките активности.

Познава и активно зборува англиски јазик. Ги познава и српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик.

*Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип*

**Општи услови за избор:**

- **просечен успех** – кандидатот има остварено просечен успех на прв циклус на студии од 8,93, просечен успех на втор циклус на студии од 9,8 и просечен успех на трет циклус на студии од 10,00;

- **научен степен - доктор на науки од научната област за која се избира** – кандидатот д-р Ристе Тимовски има научен степен доктор на технички науки од областа на информатиката;

- **објавени научни трудови во референтна научна публикација во согласност со ЗВО (најмалку 4 во последните 5 години)** – во прилог е прикажан преглед на трудовите објавени во последните 5 години:

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание / публикација | Година на објавување Години на публикување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Timovski, Riste** and Atanasova-Pachemska, Tatjana and Iliev, Dejan and Aleksov, Borco | Assessment report and functional qualitative analysis of the current condition regarding the qualification standard: Teacher in higher education in Republic of North Macedonia | International conference of information technology and development of education ITRO (2022, Zrenjanin) pp. 60-64. ISSN 978-86-7672-362-1 | 2023 13 |
| 2 | **Timovski, Riste** and Atanasova, Ana and Carvalho, Tome and Atanasova-Pachemska, Tatjana and Herrantz Zentarski, Ana Izabel | Development of web application towards creating a continuous supportive learning environment for 45+ low educated and low skilled adults | Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 17 (2). pp. 84-91. ISSN 1857-8705 | 2023 23 |
| 3 | **Timovski, Riste** and Atanasova-Pacemska, Tatjana (2022) | Evaluation of the methodological aspect of teaching in higher education using MCDM technique | South East European Journal of Sustainable Development, 6 (2). pp. 42-49. ISSN 2545-42 | 2022 6 |
| 4 | **Timovski, Riste** and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Iliev, Dean and Aleksov, Borco | Evaluation model for the Qualification standard: Teacher in higher education, related to both academic title and scientific field of the teacher | 6th International Conference Toward Sustainable Development, "Mother Teresa" University in Skopje, Republic of North Macedonia | 2022 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | **Timovski, Riste** and Atanasova Pacemska, Tatjana | Determination of the study program courses contribution to the provided qualifications in relation with the labor market needs using AHP | Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 16 (2). pp. 9-14. ISSN 1857-8705 (Online), 1857-5331 (Printed) | 2021<br>23 |
| 6 | **Timovski, Riste** and Atanasova Pacemska, Tatjana | Application of new mathematical models in the higher education evaluation process | South East European Journal of Sustainable Development, 5 (3/2021). pp. 102-112. ISSN 2545-4471 | 2021<br>6 |
| 7 | **Timovski, Riste** and Atanasova Pacemska, Tatjana and Celik, Mahmut | Methodological evaluation of the study program Turkish language and literacy using operation research | HIKMET, International peer-reviewed journal of scientific research, ADEKSAM, Gostivar – Kuzey Makedonya. Yayin yili: XIX, Sayi: 36, Yil 2021/2 | 2021<br><br>20 |
| 8 | **Timovski, Riste** and Koceski, Saso and Koceska, Natasa | Creating 3D objects using photogrammetry | International conference of information technology and development of education ITRO (November, 2021 ; Zrenjanin), pp. 210-215. ISSN 978-86-7672-351-5 | 2021<br>13 |
| 9 | Atanasova-Pacemska, Tatjana and Kamenov, Mario and Bilozerova, Olena and Melanthiou, Youla and Atanasova, Ana and Leova, Hristina and Lazarovska, Mariche and **Timovski, Riste** | Developing cultural bonds between European citizens and migrants (Devcult) | Воспитание / Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 11 (15). pp. 224-230. ISSN 1857-8705 / 1857-5331 (Printed) | 2020<br>23 |
| 10 | **Timovski, Riste** and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Aleksov, Borco | Using world reference level (WRL) in the process of recognizing the learning outcomes – case study | XI International Conference of Information Technology and Development of Education ITRO 2020. pp. 102-106. ISSN 978-86-7672-341-6 | 2020<br>13 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Timovski, Riste** | Reliable and Automated Recognition of HE Qualifications and More – A New IT Approach | Proceedings / TIE 2020 [i. e.] 8th International Scientific Conference Technics and Informatics in Education, Čačak, 18-20 Sept 2020. University of Kragujevac, Faculty of Technical Sciences, Čačak, pp. 72-76. ISBN 978-86-7776-247-6 | 2020 18 |
| 12 | **Timovski, Riste** and Koceska, Natasa and Koceski, Saso | Review: The use of Augmented and Virtual Reality in Education | International conference of information technology and development of education ITRO (October, 2020 ; Zrenjanin), pp. 23-28. ISSN 978-86-7672-341-6 | 2020 13 |

- потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – кандидатот поседува/ има доставено потврда за познавање на странски (англиски) јазик;

- способност за изведување на високообразовна дејност – кандидатот бил ангажиран во текот на неговите докторски студии како соработник-докторанд на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на прв циклус на студии, каде успешно ги реализирал сите потребни активности во делот на работата со студентите. Покрај тоа, ангажиран е и како гостин-предавач на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип на прв циклус на студии. Во рамките на проектот Жан Моне (Jean Monnet) како член на тимот реализира повеќе предавања за студентите од Факултетот за медицински науки, Факултетот за информатика и Правниот факултет во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Посебни услови за избор:**

- **учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати** – кандидатот има активно учество во голем број меѓународни научноистражувачки проекти каде што го применил стекнатото знаење, но и ги надградил своите знаења, вештини и способности особено во мултидисциплинарен контекст. Дадена е листа на дел од проектите во кои активно учествувал кандидатот д-р Ристе Тимовски (координатори/ учесници, име на проект, година):

Atanasova--Pacemska, Tatjana and **Timovski, Riste** and Stojanov, Trajce and Nikoloski, Krume and Atanasova, Ana (2023) ***DIGITAL TEACHERS-Classrooms Without Borders Created with Digital Technologies.*** [Project]

Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Timovski, Riste** and Nikoloski, Krume and Atanasova, Ana (2022) ***E=MD^2: Excellence in Math Education through (e-) Debate and Diversity.*** [Project]
Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Timovski, Riste** and Atanasova, Ana (2021) ***Lingua Mathematica.*** [Project]
Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Timovski, Riste** and Atanasova, Ana (2020) ***LearnersMot2:Creating a continuous supportive learning environment for the 45+, low educated and low skilled learners.*** [Project] (In Press)
Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and Petrov, Andrej and Stojanov, Trajce and **Timovski, Riste** (2020) ***EU E-Health and North Macedonia: From Current Practice to Implementation.*** [Project]
Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Timovski, Riste** (2019) ***DEVCULT - Developing Cultural Bonds between European Citizens and Refugees.*** [Project] (In Press)
Atanasova-Pacemska, Tatjana and Jolevska-Tuneska, Biljana and Sarac, Vasilija and Koceva Lazarova, Limonka and Miteva, Marija and Karamazova Gelova, Elena and **Timovski, Riste** and Runcev, Kostadin and Srebrenova, Maja (2017) ***Contributions in mathematical theory, mathematical modelling and their applications.*** [Project]
Atanasova-Pacemska, Tatjana and Koceva Lazarova, Limonka and Miteva, Marija and Martinovska, Cveta and **Timovski, Riste** and Jolevska-Tuneska, Biljana and Trifunov, Zoran and Pacemska, Sanja and Makrides, Gregory (2016) ***MATHDebate - The Voice of Students - Searching Excellence in Math Education trough Increasing the Motivation for Learning.*** [Project] (In Press)
Atanasova-Pacemska, Tatjana and Jolevska-Tuneska, Biljana and Koceva Lazarova, Limonka and Miteva, Marija and **Timovski, Riste** (2016) ***COST Action TD1409: Mathematics for Industry Network Industrial workshop - What mathematicians can do for you? Case study from Industrial and Social sectors in Macedonia.*** [Project]

- **две препораки од професори** – кандидатот има доставено препораки од двајца релевантни професори од областа.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во текот на своите докторски студии, во парен семестар во учебните 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година, кандидатот д-р Ристе Тимовски бил ангажиран како соработник-докторанд на предметот Моделирање и симулација на Електротехничкиот факултет на прв циклус на студии. Во рамките на овој ангажман активно и успешно ги реализира сите активности поврзани со вежбите и практичната настава со студентите. Исто така, се истакнува и како ментор на студенти кои својата практична настава ја извршувале во ИТ секторите на Универзитетот. Бил ангажиран како предавач-гостин во рамките на предметот Менаџмент на информациони системи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во текот на непарниот и парниот семестар во студиската 2020/2021 година, каде зборувал за функцијата, имплементацијата, бенефитите и недостатоците на комплексните информациски системи во компаниите.

Во рамките на проектот Жан Моне (Jean Monnet) *EU E-Health and North Macedonia: From Current Practice to Implementation*, во текот на учебните 2020/2021 и 2021/2022, непарен и парен семестар, реализирал серија предавања од областите на телемедицината, како и некои аспекти на автоматизација и интеграција на комплексни информациски системи во здравството.

Кандидатот д-р Ристе Тимовски има квалитетни и забележителни научноистражувачки активности и се појавува како автор на трудови објавени во референтни меѓународни научни списанија и публикации, а кои, заедно со нивна евалуација, се прикажани во продолжение.

1. Timovski, Riste and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Iliev, Dean and Aleksov, Borco (2023) *Assessment Report and Functional Qualitative analysis of the current condition regarding the Qualification Standard: Teacher in higher education in Republic of North Macedonia.Information technology and development for education ITRO 2022, pp 60-64.* ISBN 978-86-7672-362-1.

Овој труд обработува важна тематика во делот на улогата на наставникот во високото образование, во смисла на потребна примена на Стандардот за квалификацијата: Наставник во високо образование. Предложен е математички модел кој имплементира математички методи AHP и DEA, со чија примена и обработката на податоците, добиени преку соодветни анкети, е направена евалуација на моменталната состојба од аспект на категоризација на наставниците во високото образование според нивното звање (стекната титула), а во корелација со дефинираните исходи од доживотното учење во рамките на предложениот стандард и моменталните нивоа/ показатели на квалитет за клучните исходи од учење кои се дефинирани во стандардот. Со ова се лоцирани релативно позициите (титулите) каде корелацијата има највисоко ниво, а се предложени и правци за оптимизација на состојбата. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

2. Timovski, Riste and Atanasova, Ana and Carvalho, Tome and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Herrantz Zentarski, Ana Izabel (2023) *Development of web application towards creating a continuous supportive learning environment for 45+, low educated and low skilled adults.* Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 17 (2). pp. 84-91. ISSN 1857-8705.

Во рамките на овој научен труд е направена елаборација на развојот и суштината на веб-платформа која е насочена кон поддршка и создавање на услови/ околина за континуирано учење, наменета за лица на возраст над 45 години, кои се ниско едуцирани или имаат релативно ниско ниво на вештини. Преку утврдување на области за кои е потребно да се испорачаат вакви вештини и нивна имплементација во рамките на направената веб-платформа, а преку реализација на едноставен кориснички интерфејс и целосно поедноставени функционалности, постигнати се целите во делот на зголемување на мотивираноста, зголемување на вештините и високото ниво на едноставност во смисла на испорака на вештини и знаења. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

3. Timovski, Riste and Atanasova-Pacemska, Tatjana (2022) *Evaluation of the methodological aspect of teaching in higher education using MCDM technique*.* South East European Journal of Sustainable Development, 6 (2). pp. 42-48. ISSN 2545-4471.

Креиран е модел за евалуација на квалитет во високото образование во делот на студиските програми како основен столб на високообразовниот процес.

Аспектот кој податочно се процесира со овој механизам е начинот на испорака на предвидените знаења со студиските програми – методолошкиот аспект на квалитетот на студиските програми. Применета е MCDM техника AHP за транзиција од квалитет во квантитет, односно нумеричка репрезентација на моменталната состојба со цел примена на модели и техники за процесирање на податоци. Обработени се податоци за конкретна студиска програма, со што се лоцирани релативно најпотребните курсеви/ предмети во корелација со претходно дефинирани критериуми – методолошки аспекти на работата на наставниците во високото образование. Трудот поседува стручно-научна и апликативна тежина/ важност.

4. Timovski, Riste and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Iliev, Dean and Aleksov, Borco (2022) *Evaluation model for the Qualification standard: Teacher in higher education, related to both academic title and scientific field of the teacher.* In: TSD22 - Towards Sustainable Developement. (Submited) – Accepted paper / Journal will be published in 2023.

Реализиран е предлог за евалуација на стандардот на квалификацијата Наставник во високо образование преку имплементација на математички модел кој имплементира математички методи AHP и DEA, со чија примена е направена евалуација на моменталната состојба од аспект на категоризација на наставниците во високото образование според нивното звање (стекната титула) и според научното поле во кое тие се избрани и научно делуваат, а во корелација со дефинираните исходи од доживотното учење во рамките на предложениот стандард и моменталните нивоа/ показатели на квалитет за клучните исходи од учење кои се дефинирани во стандардот, со што се отвора можност за поединечна и заедничка евалуација во смисла на подобрување на показателите, како во поглед на одредени титули и нивоа на академски прогрес, така и во поглед на конкретни научни подрачја и области. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

5. Timovski, Riste and Atanasova-Pacemska, Tatjana (2021) *Determination of the study program courses contribution to the provided qualifications in relation with the labor market needs using AHP.* Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 16 (2). pp. 9-14. ISSN 1857-8705 (Online), 1857-5331 (Printed).

Имплементацијата на систем за контрола на квалитет во високото образование е во директна корелација со неопходноста од креирање на параметри за мерливост во поглед на студиските програми кои се изучуваат на кој било циклус на студии. Една од клучните карактеристики на студиските програми, која се обработува во овој труд, е релацијата помеѓу содржината на студиската програма и потребите на пазарот на трудот. Прикажаниот модел (со примена на AHP) овозможува утврдување на предметите во рамките на една студиска програма кои се релативно најефикасни во процесот на испорака на знаења, вештини и компетенции кои се потребни на пазарот на трудот. Овој труд поседува стручно-научна и апликативна важност.

6. Timovski, Riste and Atanasova-Pacemska, Tatjana (2021) *Application of new mathematical models in the higher education evaluation process.* South East European Journal of Sustainable Development, 5 (3/2021). pp. 102-112. ISSN 2545-4471.

Овој научен труд е во правец на развивање на перцепција за автоматизација на процесот на контрола на квалитет во високото образование преку лоцирање на голем број параметри кои може/ мора да се земат предвид и предлози на различни

техники од аспект на математичко моделирање кои може да се користат за оваа цел: AHP (Analytic Hierarchy Process), DEA (Data Envelopment Analysis), SFA (Stochastic Frontier Analysis). Во форма на заклучок е даден и предлог за правци во кои различните техники може да се користат. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

7. Timovski, Riste and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Celik, Mahmut (2021) *Methodological evaluation of the study program Turkish language and literacy using operation research*. UDK: 378.091.214:811.512.161(497.731) In HIKMET, International peer-reviewed journal of scientific research, ADEKSAM, Gostivar – Kuzey Makedonya. Yayin yili: XIX, Sayi: 36, Yil 2021/2.

Во овој научен труд е прикажана примената на модел за контрола на квалитет со имплементација на математичката техника AHP на студиска програма од прв циклус на студии од општествените науки – конкретно програмата за Турски јазик и книжевност (Наставна насока/ Преведување и толкување), во насока на утврдување на нивоата на квалитет во смисла на претходно дефинираните методолошки критериуми, а во смисла на предвидените предмети во студиската програма, со што е утврдена соодветна скала на ефикасност кај нив. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

8. Timovski, Riste and Koceski, Saso and Koceska, Natasa (2021) *Creating 3D objects using photogrammetry.* In: International Conference on Information Technology and Development of Education –ITRO, Zrenjanin, Serbia.

Реализирана е примена на фотограметријата како техника во процесот на креирање на прецизни тридимензионални модели на различни објекти. Овој тип на визуелизација, кој наоѓа примена во многу области од денешното живеење, е реализиран со примена на open source софтвер Meshroom. Направен е опис на процесот на прибирање на податоци, поставување на параметрите на софтверот, како и нивното процесирање и резултати со користење на човеково тело како примерок за земање на дводимензионални слики кои потоа се предмет на обработка. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

9. Atanasova-Pacemska, Tatjana and Kamenov, Mario and Bilozerova, Olena and Melanthiou, Youla and Atanasova, Ana and Leova, Hristina and Lazarovska, Mariche and Timovski, Riste (2020) *Developing cultural bonds between European citizens and migrants (Devcult).* Воспитание / Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 11 (15). pp. 224-230. ISSN 1857-8705 / 1857-5331 (Printed).

Постојаната промена на културолошкиот спектар на учениците и студентите со кои работат професорите и наставниците е голем предизвик во денешно време, особено со огромниот степен на миграција на луѓето од најразлични причини. Ова директно води кон неопходност за постојана надградба на наставниците и професорите во смисла на нивните вештини и компетенции за да одговорат на овој предизвик. Во овој труд е направен преглед на моменталната ситуација во училиштата ширум ЕУ. Резултатите добиени во текот на истражувањето претставуваат солидна основа за развој на нова методологија за учење со предзнакот „е“. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

10. Timovski, Riste and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Aleksov, Borco (2020) *Using world reference level (WRL) in the process of recognizing the learning outcomes – case study.* XI International Conference of Information Technology and Development of Education ITRO 2020. pp. 102-106. ISSN 978-86-7672-341-6.

Ова истражување се фокусира на огромната потреба да се развијат нови техники и методологии за признавање на знаењата, вештините и компетенциите кои студентите (учениците, луѓето генерално) ги стекнале, при миграција помеѓу државните и различните правно-политички системи (усогласување на квалификациските рамки). Како посебна студија на случај, реализирана е примена и презентирани се резултати од примена на таква алатка развиена од UNESCO – World Reference Level софтверската алатка на студиската програма за додипломски студии на Економски факултет, насока Бизнис економија. Добиените резултати преставуваат солидна основа за понатамошен развој на активностите во делот на признавањето на предвидените и стекнатите квалификации со оваа Студиска програма. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

11. Atanasova-Pacemska, Tatjana and Timovski, Riste (2020) *Reliable and Automated Recognition of HE Qualifications and More – A New IT Approach.* In: Proceedings / TIE 2020 [i. e.] 8th International Scientific Conference Technics and Informatics in Education, Čačak, 18-20 Sept 2020. University of Kragujevac, Faculty of Technical Sciences, Čačak, pp. 72-76. ISBN 978-86-7776-247-6.

Во ова истражување потенцирана е важноста на исходите од учење и националните рамки на кваликикациите како форма на евалуацијата и признавањето на стекнатите квалификации, знаења и вештини помеѓу различните држави во Европа. Овој труд нуди препораки за имплементација на методологија која ги користи исходите од учење и рамката на квалификации како елементи во процесот на признавање на знаења и вештини. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

12. Timovski, Riste and Koceska, Natasa and Koceski, Saso (2020) *Review: The use of Augmented and Virtual Reality in Education.* In: International Conference on Information Technology and Development of Education –ITRO, Zrenjanin, Serbia. pp. 210-215. ISSN 978-86-7672-351-5.

Авторот, заедно со коавторите во рамките на овој труд, реализира преглед на литературата од областа на проширената и виртуелната реалност во образовни цели, која е издадена во последните 5 години. Направена е анализа на целната група корисници на понудените решенија и уреди, предности, ограничувања и одредени потенцијални состојби кои може да имаат загрижувачки карактер. Генерално, потенцирано е дека студентите може да имаат многу повеќе придобивки отколку негативности во примената на технологиите кои имплементираат проширена и/или виртуелна реалност. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

13. Atanasova-Pacemska, Tatjana and Timovski, Riste and Lapevski, Martin and Rushiti, Agim (2017) *Two-layer Quality Analysis of University Study Program Subjects Using DEA and AHP.* In: Proceedings of papers / VIII International Conference on Information Technology and Development of Education ITRO 2017. University of Novi Sad, Technical faculty „Mihajlo Pupin", Zrenjanin, Republic of Serbia, Zrenjanin, pp. 277-283. ISBN 978-86-7672-302-7.

Прикажан е систем за квалитативна анализа на универзитетска студиска програма од прв циклус на студии составена од две причинско-последични нивоа на обработка на податоци, преку примена на техниките за математичко моделирање AHP и DEA. Утврдени се параметри кои се клучни за квалитетот на една студиска програма. Утврдени се предмети кај кои постои најквалитетно искористување на ресурсите во смисла на постигнатите резултати. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

14. Atanasova-Pacemska, Tatjana and Jolevska-Tuneska, Biljana and Makrides, Gregory and Koceva Lazarova, Limonka and Miteva, Marija and Pacemska, Sanja and Trifunov, Zoran and Timovski, Riste (2017) *Математичка дебата – гласот на ученикот - барање извонредност во математичкото образование преку подигање на мотивацијата за учење / практицирање математика.* In: „Да се биде учител" - научно-стручна трибина. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за образовни науки, pp. 20-25.
Овој научен труд е фокусиран на зголемување на мотивацијата за учење и практикување на математика, односно зголемување на позитивниот став кон математиката. Овој аспект е лоциран и како клучен при изборот на кариера во областите на математиката, науката и технологијата (STEM). Се предлага користење на дебата за реализација на различни пристапи во решавањето на математичките проблеми со примена на ИКТ, кои ќе придонесат до зголемување на математичките вештини и способноста за решавање на проблеми. За таа цел е реализирана и соодветна е-платформа MATHDebate. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

15. Atanasova-Pacemska, Tatjana and Lapevski, Martin and Timovski, Riste (2015) *Application of the AHP in the process of selection of the best mathematical software solutions.* In: SYM OP IS 2015, Proceedings of the XLII International Symposium on Operational Research. Matematički Institut, SANU, Beograd, pp. 655-658. ISBN 978-86-80593-55-5.
Времето во кое живееме изобилува со најразлични софтверски решенија во секоја област од човековото дејствување. Соодветно на тоа, во образованието е речиси невозможно спроведување на квалитетен образовен процес без користење на соодветен софтверски пакет. Во овој труд е предложен механизам со користење на MCDM техниката AHP во процесот на избор на најквалитетен софтвер за математика, со претходно утврдување на потребните критериуми врз база на кои ќе се врши изборот. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

16. Timovski, Riste and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Rusiti, Agim and Sarac, Vasilija (2015) *Several aspects of measuring performance of university study cycles using DEA.* Proceeding from International Conference on Information Technology and Development of Education – ITRO, June, 2015. Zrenjanin, Republic of Serbia, 7. pp. 8-13.
Во рамките на ова научно истражување е реализирана примена на техниката DEA која имплементира линеарно програмирање во својот алгоритам, во правец на утврдување на квалитет на студиските програми, каде што единката околу која се прави оваа анализа се токму студиските програми (од различни генерации и насоки кои се сродни помеѓу себе, од прв циклус на студии). Утврдена е студиска програма која е релативно најефикасна помеѓу оние кои биле предмет на анализа, со што моделот нуди можност за лоцирање на релативно проблематичните (помалку квалитетни) студиски програми од финансиски аспект и предлага чекори за нивна оптимизација. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

17. Miseva, Kristina and Timovski, Riste (2015) *An assessment of the impact of the fiscal policy on the citizens of Macedonia from the perspective of administrative fees.* In: The Man in the Global World, 18-20 May 2015, Voronezh, Russia.
Во ова истражување се потенцира влијанието на македонските даночни обврзници врз база на Законот за административни такси кои како обврска се во важност и во

време кога е неопходно да се следат ИКТ трендовите кои овозможуваат регулација на оваа обврска на автоматизиран, брз и транспарентен начин. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

18. Atanasova-Pacemska, Tatjana and Lapevski, Martin and Timovski, Riste (2014) *Analytical Hierarchical Process (AHP) method application in the process of selection and evaluation.* In: UNITECH '14 - International Scientific Conference, 21-22 Nov 2014, Gabrovo, Bulgaria.

Прикажана е примената на AHP методот, која има силна математичка основа, во процесот на ефикасна селекција, односно економски квалитативно најдобрата опција (понуда) во процесот на набавка (купување) на компјутерска опрема, со претходна детекција на сите потребни и важни параметри/ критериуми. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

19. Atanasova-Pacemska, Tatjana and Timovski, Riste (2014) *Effectiveness Determination of Higher Education using Linear Programming.* In: Symorg 2014, 6-10 June 2014, Zlatibor, Serbia.

Овој труд ја прикажува примената на техниката од областа на линеарното програмирање DEA во процесот на мерење на ефикасноста на универзитетска студиска програма од прв циклус на студии, преку користење на реални историски податоци кои се однесуваат на определените параметри важни за квалитетот на секој предмет поединечно во рамките на студиската програма. Даден е конкретен пример за процентуална разлика на неефикасните во однос на релативно ефикасните предмети во рамките на студиската програма. Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

20. Atanasova-Pacemska, Tatjana and Timovski, Riste (2014) *Quality Valorization of University Study Programs using Linear Programming Application.* In: ITRO 2014, 27 June 2014, Zrenjanin, Serbia.

Се однесува на примена на DEA во процесот на контрола на квалитет, односно во правец на евалуација на студиските програми во високото образование, преку утврдување на релативна (не)ефикасност на предметите во рамките на студиската програма која е предмет на анализа. Трудот поседува стручно-научна и апликативна тежина/ важност.

**Пленарно предавање на научен собир**

21. Предавач/ презентација на тема: Qualifications' standard as source for students' surveys towards HE teacher evaluation. Project: Better Academic Qualifications through Quality Assurance" - BAQUAL Online workshop "Qualification standard for professors in higher education - the basis for the development of programs for the improvement of teacher competencies", 24 ноември 2021 – Skopje, Republic of North Macedonia.

22. Предавач/ презентација на тема: Quality assurance in higher education towards standardization of NQF. Project: Effective Partnership for Enhanced Recognition – EPER, Online peer learning activity "Qualifications framework in the recognition of foreign educational qualifications", 26 мај, 2021, Скопје

**Секциско предавање на научен собир**

23. Предавач/ презентација на тема: Application of optimization techniques as a function of increasing the efficiency of the processes, WG Meeting, COST Action 19310, Skopje, 10-ти октомври, 2022.

24. Предавач/ презентација на тема: Quality assurance challenges in higher education regarding the recognition of qualifications, Project: Effective Partnership for Enhanced Recognition – EPER, Final Conference, 30 октомври, 2021, Дубровник, Република Хрватска.

**Одржано предавање по покана од научна институција**

25. Економски факултет, непарен семестар, прв циклус на студии; насока: сите насоки; предмет: Менаџмент на информациони системи.

26. Економски факултет, парен семестар, прв циклус на студии; насока: сите насоки; предмет: Менаџмент на информациони системи.

**Научни проекти во кои кандидатот активно учествувал (максимум 3)**

27. Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Timovski, Riste** and Atanasova, Ana (2021) ***Lingua Mathematica.*** [Project].

28. Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Timovski, Riste** (2019) ***DEVCULT - Developing Cultural Bonds between European Citizens and Refugees.*** [Project] (In Press).

29. Atanasova-Pacemska, Tatjana and Koceva Lazarova, Limonka and Miteva, Marija and Martinovska, Cveta and **Timovski, Riste** and Jolevska-Tuneska, Biljana and Trifunov, Zoran and Pacemska, Sanja and Makrides, Gregory (2016) ***MATHDebate - The Voice of Students - Searching Excellence in Math Education trough Increasing the Motivation for Learning.*** [Project] (In Press).

**Учество во работилници, семинари, конференции, презентации на научноистражувачки и стручни собири** со што го унапредува своето познавање, кое понатаму го пренесува на преостанатите колеги и го применува во понатамошното научно-истражувачко дејствување.

- Short-term Joint Staff Training, hosted by Slovenian Third Age University in Ljubljana, 10th – 13th May 2022, LearnersMot2 Project No. 2020-1-ES01-KA204-081775.
- Certificate for successful completion of the first modelling week in Macedonia, supported by COST Action, Mathematics for Industry Network, Training school for doctoral students, awarded 4 ECTS, 12th – 16th February 2018, Stip, Republic of North Macedonia.
- Certificate for attendance for participation in COST/IEEE-CASS Seasonal Training School in Fractional-Order Systems (COST/IEEE-CASS FRACTAL), 24th – 26th November, Brno, 2016, Czech Republic.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

**Речник**

30. Мишева, Кристина и Амповска, Марија и Тимовски, Ристе (2021) *Лексикон е-здравствено право.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**Пленарно предавање на стручен собир**

31. Microsoft Vizija 2016: Reloaded. Меѓународна ИКТ конференција, Скопје, Предавач/ тема: Е-индекс како основа за е-Универзитет.

**Учество на стручен собир со реферат (постер/ усно)**

32. Multiplier event: Promotion of LearnersMot2 project results and web application within Erasmus+ project No: 2020-1-ES01-KA204-081775 LearnerMot2: Creating a continuous supportive environment for the 45+, low-educated and low skilled adults, held in Stip, 29 of October, 2022, Republic of North Macedonia.

33. Multiplier event: Promotion of DEVCULT project results and e-learning platform within ERASMUS+ project No. 2019-2-BG01-KA201-062550 "DevCult": Developing Cultural Bonds between European Citizens and Refugees" held in Stip, 20 of November, 2021, Republic of North Macedonia.

**Учесник во научен проект**

34. Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Timovski, Riste** and Stojanov, Trajce and Nikoloski, Krume and Atanasova, Ana (2023) ***DIGITAL TEACHERS-Classrooms Without Borders Created with Digital Technologies.***

35. Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Timovski, Riste** and Nikoloski, Krume and Atanasova, Ana (2022) ***E=MD^2: Excellence in Math Education through (e-) Debate and Diversity.*** [Project].

36. Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Timovski, Riste** and Atanasova, Ana (2020) ***LearnersMot2:Creating a continuous supportive learning environment for the 45+, low educated and low skilled learners.*** [Project] (In Press).

**Елаборати и експертизи**

37. Експертиза/ анализа за проект за проширување на функционалности и надградба на студентскиот информационен систем Е-индекс, усвоен со Одлука на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип со број 0201-251/17 од 28.2.2023 година.

38. Експертиза/ анализа за проект за имплементација на софтверско решение (модул) за администрација на студенти кои престојуваат на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип преку Еразмус програмата за размена на студенти, усвоен со Одлука на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип со број 0201-1091/12 од 27.12.2018 година.

39. Експертиза/ анализа за проект за имплементација на софтверско решение (модул) за втор циклус на студии, трет циклус на студии, специјализации на студенти на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, усвоен со Одлука на Универзитетски сенат со број 0201-752/10 од 4.9.2017 година.

40. Кандидатот д-р Ристе Тимовски е автор на 7 процедури и 12 работни упатства во согласност со воведениот ИСО стандард за квалитет на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип кои се објавени во Универзитетски гласник број 42 од септември 2019 година (Линк).

**Стручни награди и признанија**

41. Март 2012, Награда од ректор за посебен придонес и посветеност во развојот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Република Северна Македонија.

**Раководител на катедра/ оддел/ центар**

42. Раководител на Сектор за електронски индекс на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип од 2014 до денес.

**Член на универзитетски или владини тела**

43. Член на Централна универзитетска уписна комисија (2020, 2021, 2022).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Ристе Тимовски. Кандидатот ги исполнува формалните и суштинските критериуми за избор во насловно звање насловен доцент.

Кандидатот д-р Ристе Тимовски поседува квалитети и способности за успешна реализација на образовната и научноистражувачката работа, каде покажува целосна посветеност и влог во извршувањето на работните и професионалните обврски. Врз основа на деталната анализа на приложените документи, како и врз основа на личното познавање и можност за непосредна повеќегодишна професионална соработка, се забележува особен подем во научноистражувачката сфера, прикажан и преку публикување на голем број научноистражувачки трудови и резултати, како и учество во меѓународни проекти. Преку неговата вклученост во наставниот процес може да се види и афинитет за работа со студенти и целосна вклученост во активностите поврзани со наставата. Рецензентската комисија констатира дека кандидатот има континуирано научно напредување, придонес во наставно-образовната, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност и ги има освоено потребните бодови, во согласност со Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Со особена чест, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет да го избере кандидатот **д-р Ристе Тимовски во насловно звање насловен доцент за наставно-научните области Симулација (11009) и Обработка на информации (21204) на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Татјана Атанасова-Пачемска, редовен професор, претседател
Д-р Наташа Стојковиќ, вонреден професор, член
Д-р Александар Карадимче, доцент, член

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br><br>Редни броеви 2, 3, 5, 6, 7, 9 | 5<br>1 | 9<br>3*0,7 | | | **45+2,1= 47,1** |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br><br>Редни броеви 1, 8, 10, 11, 12 | 1 | 2 | 4 | 3 | **14** |
| **6** | Пленарно предавање на научен собир<br><br>Редни броеви 21, 22 | 2 | 3 | | | **6** |
| **7** | Секциско предавање на научен собир<br><br>Редни броеви 23, 24 | 1 | 2 | 1 | 4 | **6** |
| **8** | Одржано предавање по покана од научна институција<br><br>Реден број 25, 26 | 2 | 2 | | | **4** |
| **9** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно)<br><br>Презентација на труд со реден број 4 | 1 | 1,5 | | | **1,5** |
| **10** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | **8** |
| **12** | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | **4** |
| **14** | Учесник во научен проект<br><br>Редни броеви 27, 28, 29 | | | 3 | 3 | **9** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **99,6** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **3** | Речник<br><br>Реден број 30 | 1 | 10 | | | **10** |
| **7** | Пленарно предавање на стручен собир<br><br>Реден број 31 | 1 | 2 | | | **2** |
| **8** | Учество на стручен собир со реферат<br><br>Редни броеви 32, 33 | 2 | 0,5 | | | **1** |
| **13** | Учесник во научен проект<br><br>Редни броеви 34, 35 и 36 | | | 3 | 8 | **24** |
| **17** | Елаборати и експертизи<br><br>Редни броеви 37, 38, 39 и 40 | 22 | 2 | | | **44** |
| **19** | Стручни награди и признанија<br><br>Реден број 41 | 1 | 4 | | | **4** |
| **26** | Раководител на катедра/ оддел/ центар<br><br>Реден број 42 | 1 | 3 | | | **3** |
| **27** | Член на универзитетски или владини тела<br><br>Реден број 43 | 3 | 5 | | | **15** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **103** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **202,5** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА КОНФЕКЦИСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ“ (ПРАКТИКУМ) ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р САШКА ГОЛОМЕОВА ЛОНГУРОВА, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП И РЕД. ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 2302-82/7 од 144. редовна седница Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет одржана на ден 2.5.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

1. Вонр. проф. д-р Соња Јордева, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип;
2. Доц. д-р Силвана Жежова, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

за изготвување на извештај, рецензија, на приложениот ракопис – **практикум „Менаџмент на конфекциско претпријатие“ од авторите доц. д-р Сашка Голомеова Лонгурова и ред. проф. д-р Елизабета Митрева** наменет за студентите од прв циклус на студии при Технолошко-технички факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот (практикумот) е „Менаџмент на конфекциско претпријатие“. Наменет е за реализација на вежбите по предметот Менаџмент на конфекциско претпријатие од 8 семестар во студиската програма Дизајн и технологија на текстил и облека, со фонд на часови 2+1+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот (практикумот) е во согласност со наставната програма по предметот Менаџмент на конфекциско претпријатие.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 42 страници во А4 формат со големина на фонт 11, нормален проред и содржи 19 слики и 2 табели. Обемот на ракописот, според содржината, ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум со ист или сличен наслов кој одговара на предвидената наставна програма по предметот Менаџмент на конфекциско претпријатие на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип досега не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во практикумот опфаќа шест поглавја. Во рамките на сите шест поглавја се дадени примери и се поставени работни задачи кои се наменети да ги изработуваат студентите на часовите по вежби.

Во првото поглавје е прикажана класификацијата на претпријатијата и критериумите според кои тие се класифицираат, со акцентирање на улогата на

малите претпријатија во економијата. Дефинирани се поимите мисија, визија и цели на претпријатие и дадени се насоки како да се формулираат.

Во второто поглавје објаснета е организациската структура и видовите организациски структури на претпријатие. Секоја организациска структура е прикажана на органограм за да може визуелно да се воочат разликите помеѓу различните видови организациски структури.

Во третото поглавје е разработена SWOT анализата, односно што е SWOT анализа, кои се фазите според кои се врши оваа анализа и како да се дефинираат стратегии на претпријатието врз основа на направената SWOT анализа.

Четвртото поглавје се однесува на бизнис-планот. Дефинирано е што е бизнис-план, што вклучува биснис-планот и објаснето е зошто тој е потребен. Претставени се видовите на бизнис-планови и наведени се разликите меѓу нив. При крај на поглавјето даден е пример за правење на мини бизнис-план што може да го користат студентите при изработувањето на задачата од оваа вежба.

Петтото поглавје е посветено на брендот и брендирањето. Дефинирани се поимите бренд и брендирање и разработени се факторите кои имаат влијание врз купувачите и нивниот интерес за купување. Авторите во ова поглавје укажуваат дека факторите кои имаат влијание врз купувачите секогаш треба да се имаат предвид кога се прави презентација на брендот со намера да се поттикне интересот за купување.

Во последното (шестото) поглавје е објаснето што е анкетен лист, како се прави, како се формулираат прашањата во анкетниот лист и како се прикажуваат собраните податоци од извршената анкета.

Практикумот содржи материјал првенствено наменет за студентите на Технолошко-технички факултет, но може да го користат и лица кои сакаат да започнат свој стартап или лица од работните организации кои се занимаваат со оваа проблематика.

**ЗАКЛУЧОК**

Од претходно изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот (практикумот) со наслов „**Менаџмент на конфекциско претпријатие**", пријавен од **доц. д-р Сашка Голомеова Лонгурова** и **ред. проф. д-р Елизабета Митрева**, е напишан според наставната програма на предметот Менаџмент на конфекциско претпријатие, за кој е и наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе им биде од голема полза на студентите за совладување на наставните содржини по конкретниот предмет.

Врз основа на веќе изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го прифати рецензираниот ракопис (практикум) со наслов „**Менаџмент на конфекциско претпријатие**", пријавен од авторите **доц. д-р Сашка Голомеова Лонгурова** и **ред. проф. д-р Елизабета Митрева**, и да го одобри за користење како учебно помагало, а воедно да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Соња Јордева, вонреден професор,
Д-р Силвана Жежова, доцент.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА“ (Е-УЧЕБНИК) ОД ПРОФ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА БОШКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 2102-86/10 од 289. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика одржана на ден 19.4.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

1. **Д-р Мичо Апостолов**, редовен професор, Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
2. **Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска,** редовен професор, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

за изготвување и доставување писмен извештај, рецензија, на приложениот ракопис (е-учебник) „**ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА**“ од **проф. д-р Душко Јошески и проф. д-р Татјана Бошков** наменет за студентите од прв и трет циклус на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот **„ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА“** од авторите проф. д-р Душко Јошески и проф. д-р Татјана Бошков претставува заокружен преглед на материјата која го опфаќа изучувањето на економиите на регулации. Имено, економската регулатива се однесува на збир на ограничувања или правила објавени од владините административни агенции преку креирање правила поддржани со закана со санкција или парична казна. Главниот опсег за регулација на владата е да ги спречи неуспесите на пазарите, или со други зборови, ситуации во кои пазарите не го организираат ефикасно производството или не ги распределуваат стоките и услугите на потрошувачите (како во присуство на монополска/ доминантна фирма). Така, овој ракопис е соодветен со наставната програма на предмети од прв и трет циклус на студии при Факултетот за туризам и бизнис логистика, односно на студиска програма Бизнис логистика како задолжителен предмет Државна регулација (3+2+2) во прва година, и предмет Економија на регулација од трет циклус студии на студиската програма Бизнис логистика и администрација при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот содржи 180 страници, со вклучени табели, графикони, практични примери и користена литературта од 54 библиографски единици. Ракописот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите и е подготвен за да даде сознанија за предметите Државна регулација и Економија на регулација. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според наши сознанија, авторите немаат објавено учебник под ист наслов. Ракописот насловен како „ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА“, според обемот и содржината, одговара на предвидената наставна програма по предметите Државна регулација и Економија на регулација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и е прво издание. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Краток опис на содржината:** Содржински, ракописот (е-учебникот) се состои од 16 теми кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма.

Обработените теми во ракописот на полето економија на регулации вклучуваат: економска и социјална регулација, перфектна конкуренција, монополи, x-неефикасност, вкупна загуба кај монополите, технолошка конкуренција, патенти и трговски права, олигополи, бариери за влез и contestable markets (со нула трошоци за влез и излез од индустријата), инструменти на регулацијата и историја на регулацијата, теорија на приватно спрема јавно претпријатие, приватизација: теорија и докази, Peak Load Pricing, дерегулација на пазарите за електрична енергија, наддавање за франшизи, регулација на природни монополи (динамични прашања), дерегулација на товарниот и авионскиот превоз, проблемите на дерегулацијата – случајот на Британски железници, вовед во социјална регулација, регулација на животната средина, регулација на патенти, финансиска регулација и функција на финансиските пазари.

Елаборацијата на опфатените теми анализира неколку сегменти кои треба да даваат основни, но и пошироки знаења за студентите кои ќе ја изучуваат оваа наставна проблематика.

Дефинирањето на тоа што претставува владина регулација, дефинирање на економската и социјалната регулација, прегледот на перфектна и технолошка конкуренција, загуба кај монополите, олигополите, решенија во пракса, како и бариери за влез и contestable markets (со нула трошоци за влез и излез од индустријата), се првите четири теми кои на студентите и читателите, пред се, им го доближуваат значењето на регулативата. Имено, регулативата може да се опише како форма на владина интервенција на пазарите што вклучува правила и нивно спроведување. Тоа се важни теми, бидејќи регулативата има потенцијални ефекти не само на макрониво врз економијата, туку и на микрониво врз компаниите и поединците. Регулативата може да се развива или проактивно во пресрет на последиците од промените во пазарното опкружување или реактивно како одговор на некоја(и) појава(и). На пример, промените што произлегоа од технолошкиот напредок на пазарите поради новите средства за комуникација и апликациите на компјутерите доведоа до различни регулативи, и проактивни и реактивни. Регулативата, исто така, се разви како одговор на финансиски кризи и непожелни однесувања или дејства што се случиле во минатото. Регулативите се неопходни, бидејќи во некои ситуации пазарните решенија се несоодветни. Со други зборови, постојат регулативи за да се заштитат крајните корисници од пропусти на пазарот.

Петтата, шестата, седмата, осмата, деветтата и десеттата тема во овој ракопис опфаќаат материја која ги разгледува и анализира инструментите на регулацијата, теориите кои се однесуваат на регулацијата, прашања за тоа кога е потребна јавната

сопственост, кои се поттикнувачите во јавниот и приватниот сектор, проблеми со стапката на поврат, зошто треба да се регулираат јавните комунални услуги, регулацијата на природните монополи, што значи регулирана конкуренција како и технолошките промени. Всушност, постојат различни објаснувања за овие прашања поврзани со економската регулација. Истражувањето на литературата покажува дека може да се однесува на создавање или влијание врз пазарите. Едно помодерно објаснување смета дека економската регулатива е помалку за корекција на неуспеси на пазарот и повеќе за овозможување на пазарите да работат поефективно, односно онаму каде што дисциплините се слаби или отсутни, економскиот регулатор дејствува како „видлив настојувајќи да ги водат давателите на услуги кон резултатите (на пример, во однос на цената, квалитетот или и двете). Следствено, познавањето на регулативата е важно, бидејќи регулативата има потенцијално далекусежни и значајни ефекти. Овие ефекти може да варираат од ефекти на макрониво врз економијата до ефекти на микрониво врз поединечни субјекти и хартии од вредност.

Регулативата потекнува од различни извори и во различни области. Корисна е рамката која вклучува типови на регулатори и регулативи, како и области на регулатива кои може да влијаат врз субјектот од интерес (вклучувајќи ја и економијата како ентитет). Рамката ќе помогне во проценката на можните ефекти од новата регулатива. Исто така, може да помогне во проценката на ефектите од регулативата врз различни субјекти.

Обработените теми регулација на цените, финансирање и регулација на индустријата, потенцијалните решенија за екстерналиите, регулација на животната средина, регулација на патенти и финансиска регулација (единаесетта тема заклучно со шеснаесетта тема) потврдуваат дека при развивањето на прописите, регулаторот треба да ги земе предвид трошоците и придобивките. Во анализата, нето-регулаторниот товар (приватни трошоци намалени за приватните придобивки од регулативата), исто така, може да биде релевантен. Може да биде тешко да се проценат потенцијалните трошоци и придобивки, без оглед на перспективата. Сепак, критичен аспект на регулаторната анализа е проценката на трошоците и придобивките од регулативата. Значаен предизвик за финансиските регулатори е како да се справат со системскиот ризик (ризикот од неуспех на финансискиот систем) и со последиците од преземањето ризик од финансиските институции. Прашањата како што се регулативата на трудот, регулативата за животната средина и електронската приватност, исто така, добиваат зголемено внимание. Начинот на кој се развиваат и се применуваат регулативите може да има значително влијание врз бизнисите. Промените во регулаторната рамка и регулаторната несигурност, исто така, може да имаат значителни ефекти врз деловните одлуки. Значи, еден од важните предизвици со кои се соочуваат професионалците во финансиската индустрија е да ги предвидат и разберат последиците од потенцијалните промени во регулаторното опкружување и специфичните регулативи.

Од последните теми студентите треба да понесат неколку клучни знаења. Имено, постоењето на екстерналии создава потреба за регулација. Регулативата се очекува да има општествени придобивки и треба да се процени со помош на анализа на трошоци и придобивки. Регулирањето на пазарите на хартии од вредност и финансиските институции е обемно и сложено поради последиците од неуспесите во финансискиот систем. Овие последици вклучуваат финансиски

загуби, губење на довербата и нарушување на трговијата. Фокусот на регулаторите на финансиските пазари вклучува прудентна супервизија, финансиска стабилност, пазарен интегритет и економски раст. Понатаму, темите покажуваат дека регулаторната конкуренција е конкуренција меѓу различни регулаторни тела за користење на регулативата со цел да се привлечат одредени субјекти. Ширината на регулирање на трговијата бара употреба на рамка која ги идентификува потенцијалните области на регулација. Оваа рамка може да се употреби за да се идентификуваат специфични области на регулатива, и постоечки и очекувани, кои може да влијаат врз субјектот од интерес. Законодавните тела, регулаторните тела и судовите обично донесуваат регулатива.

Од примерите се согледува дека регулаторните тела вклучуваат владини агенции и независни регулатори на кои им е доделено овластување од влада или владина агенција. Некои независни регулатори се саморегулирачки организации.

Меѓусебната зависност во активностите и потенцијално спротивставените цели на регулаторите е важна грижа за регулаторите, регулираните субјекти и оние кои ги проценуваат ефектите од регулативата. Регулативата која се донесува за подобрување на интересите на регулираните субјекти го одразува регулаторното зафаќање. Регулаторите имаат одговорност и за материјалните и за процедуралните закони. Првиот се фокусира на правата и одговорностите на ентитетите и односите меѓу субјектите. Вториот се фокусира на заштитата и спроведувањето на првото. Регулаторна арбитража е употреба на регулатива од страна на ентитетот за да се искористат разликите во економската суштина и регулаторното толкување или во регулаторните режими во корист на ентитетот. Постојат многу регулаторни алатки на располагање на регулаторите, вклучувајќи регулаторни мандати и ограничувања за однесување, обезбедување јавни добра и јавно финансирање на приватни проекти.

Изборот на регулаторна алатка треба да биде конзистентен со одржување на стабилна регулаторна средина. „Стабилно“ не значи непроменливо, туку, напротив, се однесува на посакуваните атрибути на регулативата, вклучувајќи предвидливост, ефективност во постигнувањето на целите, временска конзистентност и спроведливост. При оценувањето на регулаторните резултати, регулаторите треба да спроведуваат тековни анализи на трошоците и придобивките, да развијат техники за подобрување на мерењето на овие резултати и да користат економски принципи за да ги водат. Нето-регулаторното оптоварување за субјектот од интерес е мошне важно за аналитичарите и, секако, треба да се има предвид.

Преку горенаведените теми, авторите успешно создаваат претстава што значи економија на регулација од сите аспекти, бидејќи регулативата има потенцијални ефекти не само на макрониво врз економијата, туку и на микрониво врз компаниите и поединците. Регулативата може да се развива или проактивно во пресрет на последиците од промените во пазарното опкружување или реактивно како одговор на некоја(и) појава(и). Регулативата, исто така, се разви како одговор на финансиски кризи и непожелни однесувања или дејства што се случиле во минатото. Регулативите се неопходни бидејќи во некои ситуации пазарните решенија се несоодветни. Со други зборови, постојат регулативи за да се заштитат крајните корисници од пропусти на пазарот.

Последователноста во анализата на сите важни теми обработени во овој ракопис, ќе им овозможи на студентите да бидат корективи во системот, да бидат способни да ги идентификуваат позитивностите, а истовремено да ги детектираат пропустите, со што се креира свест како треба да функционира општествениот систем во една земја.

Тргнувајќи од значајноста на овој ракопис, разбирливото и систематско презентирање на материјата во него, како и врз основа на нашата детална анализа на содржината, го даваме следниот

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот „ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА", поднесен од авторите проф. д-р Душко Јошески и проф. д-р Татјана Бошков прават успешна комбинација на теоријата и практиката преку примери во кои е презентирано суштинското значење на потребата од регулација во економијата, притоа задоволувајќи ги критериумите за објавување. Авторите, јасно и конзистентно преку примери, даваат економско образложение на регулативата, вклучувајќи го и начинот на кој регулативата ја подобрува правичноста на пазарите и се однесува на опасноста за општеството од неуспех на финансискиот систем. Тие, исто така, обезбедуваат преглед на регулаторите, алатките со кои располагаат и како работата на регулаторите ширум светот е меѓусебно зависна. Исто така, ја опишуваат проценката на трошоците и придобивките од регулативата и ги истакнуваат практичните прашања што произлегуваат од спроведувањето на регулативата.

Учебникот е конципиран според однапред утврдени наставен план и програма, и е напишан со разбирлив стил. Теоретската и практичната елаборација на оваа материја ќе им помогне на студентите не само да ја разберат суштината на економијата на регулација и нејзината важност за една земја, туку и да можат да ги дијагностицираат и решаваат евентуалните промени во неа. Тоа значи дека овој учебник ќе биде полезен не само за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика, на студиските програми Бизнис логистика и Бизнис логистика и администрација, туку и за пошироката јавност која има интерес за оваа проблематика. Од оваа причина, препорачуваме учебникот да биде објавен.

Како Рецензентска комисија имаме **чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика ракописот „ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА" од авторите проф. д-р Душко Јошески и проф. д-р Татјана Бошков да го прифати како УЧЕБНИК со цел да се користи во наставата по предметите Државна регулација и Економија на регулација, кои се изучуваат на студиските програми на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Мичо Апостолов, редовен професор,
Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА“ (ПРАКТИКУМ) ОД ПРОФ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА БОШКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 2102-86/10 од 289. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика одржана на ден 19.4.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

1. **Д-р Мичо Апостолов**, редовен професор, Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
2. **Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска,** редовен професор, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

за изготвување и доставување писмен извештај, рецензија, на приложениот ракопис (практикум) „**ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА**” од **проф. д-р Душко Јошески и проф. д-р Татјана Бошков** наменет за студентите од прв и трет циклус на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Практикумот **„ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА“** од авторите проф. д-р Душко Јошески и проф. д-р Татјана Бошков претставува заокружен преглед на материјата која го опфаќа изучувањето на економија на регулација преку примена на задачи и дадени решенија за овие задачи. Имено, економската регулатива се однесува на збир на ограничувања или правила објавени од владините административни агенции преку креирање правила поддржани со закана со санкција или парична казна. Главниот опсег за регулација на владата е да ги спречи неуспесите на пазарите или, со други зборови, ситуации во кои пазарите не го организираат ефикасно производството или не ги распределуваат стоките и услугите на потрошувачите (како во присуство на монополска/ доминантна фирма). Така, овој ракопис е соодветен со наставната програма на предмети од прв и трет циклус на студии при Факултетот за туризам и бизнис логистика, односно на студиската програма Бизнис логистика и тоа како задолжителен предмет Државна регулација (3+2+2) во прва година и за предметот Економија на регулација од трет циклус студии на студиската програма Бизнис логистика и администрација при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за обемот ракописот:** Практикумот содржи 30 решени задачи на 58 страници, со вклучени табели, графикони, формули, практични примери и користена литератута од 15 библиографски единици. Ракописот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите и е подготвен за да даде практична примена и решенија на проблеми кои се опфатени во материјата економија на регулација, конкретно за предметите Државна регулација и Економија на регулација.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според наши сознанија, авторите немаат објавено практикум под ист наслов, ниту постои друг ваков ракопис од оваа проблематика. Ракописот насловен како „ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА“, според обемот и содржината, одговара на предвидената наставна програма по предметите Државна регулација и Економија на регулација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, и е прво издание. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Краток опис на содржината:** Содржински, ракописот (практикумот) се состои од 30 задачи и нивни решенија, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма за предметите Државна регулација и Економија на регулација. Овие предмети се изучуваат на студиските програми Бизнис логистика (прв циклус студии) и Бизнис логистика и администрација (трет циклус студии) на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Имено, зададените задачи во овој практикум ги опфаќаат темите Регулирана еквилибриумска цена и количина; Фирми кои се однесуваат како Cournot олигополисти, Две фирми произведуваат имперфектни супститути; Фирма староседелец во индустријата (Incumbent firm) и прекумерно инвестирање; Природен монопол и дводелни тарифи; Природен монопол со два производа и Ramsey поставување на цени; Peak-load поставување на цени; Технологијата, трошоците и условот за природен монопол; Тргувани дозволи за загадување (tradeable permits); Намалување на емисијата на загадувачки супстанци; Option value и регулација на заштитата на животната средина; Обезбедување на јавни добра; Иновацијата и времетраењето на патентот; Иновацијата и пазарната структура; Влез во индустријата: Bain-Sylos постулатот; Peak-load поставување на цени II; Природен монопол и дводелни тарифи II; Модели на решавање на проблем на екстерналии со хетерогени трошоци: даноци наспрема регулација; Модели на решавање на проблем на екстерналии со хетерогени трошоци: регулација на количина на загадување со tradeable permits; Намалување на загадувањето со повеќе фирми; Вкупната економска загуба, оданочувањето и регулацијата на екстерналии; Вредноста на животот; Мерење на придобивки од дерегулација; Оптимална должина на времетраење на патентот; Патентни трки; Бертранд конкуренција; Групирање на комплементарни патенти; Ramsey-Boiteux поставување на цени (Проблемот на Ramsey) – Изведување; Монополи и Ramsey поставување на цени; Инвестиции во моделот Cournot. Практичната елаборацијата на опфатените теми анализира неколку сегменти кои треба да даваат основни, но и пошироки знаења за студентите кои ќе ја изучуваат оваа наставна проблематика.

Задачите, почнувајќи со реден број еден до реден број девет, практично ја покриваат теоријата дека владината регулација на индустриите вклучува економска и социјална регулација на однесувањето на фирмите и индивидуите. Таквата регулација треба да биде заснована врз општествена анализа на трошоци-користи дополнета со изедначување на маргиналните општествени трошоци со корисностите од регулацијата. Во пракса, регулацијата се чини претерана и ова чувство води кон некои значајни чекори кон дерегулацијата во последните години. Задачите кои се однесуваат на монополите, олигополите, бариерите за

влез и contestable markets (со нула трошоци за влез и излез од индустријата), на студентите ќе им го доближат значењето на регулативата, односно дека статичната ефикасност на краток рок е под негативно влијание на монополот преку вкупната загуба DWL. Монополот дава придонес за техничкиот прогрес, бидејќи монополот е поврзан со поттикнувачи да се инвестира во иновации. Исто така, примерите потврдуваат дека регулативата треба да го вклучи и општеството во одлучувањето за оптималните размени меѓу потрошувачкиот и производствениот вишок врз основа на имплицитни или експлицитни социјални пондери.

Задачите кои се однесуват на теоријата за пазарите без трошоци за влез и излез, покажуваат дека sunk cost се фиксни трошоци кои ги прави фирмата и кои не може да се надоместат ако фирмата го напушти пазарот. Решението поврдува дека пазарот на перфектна конкуренција меѓу фирмите претпоставува фирми со повеќе производи, ултраслободен влез и излез, нула sunk cost и количини кои се приспособуваат побрзо од цените.

Задачите од реден број десет до реден број дваесет опфаќаат неколку модели на решавање на проблеми. Од аспект на економската теорија на регулација, моделот Stigler-Peltzman предвидува дека: регулаторната легислатива го редистрибуира богатството; однесувањето на легислаторите е водено од желбата да се остане во канцеларија (на функција!); групите на интерес се натпреваруваат со политичка поддршка за возврат за поволната легислатива (како пример се цените на електричната енергија: за домаќинствата, трговците и индустријата покажале пониски соодноси на цена-трошоци за индустријата и индустриските потрошувачки спрема комерцијалните). Задачите и решенијата кои се однесуваат на оптималната регулаторна политика Peltzman, каде $M(P,\pi)$ е фунцијата на политичка поддршка, таму $P$ е цената и $\pi$ е профитот на индустријата. $M(P,\pi)$ е опаѓачка функција со цената, бидејќи потрошувачите ја зголемуваат нивната политичка опозиција кога цената е висока, додека одговара со раст на профитот, бидејќи фирмите одговараат со повисока поддршка. Профитот зависи од цената каде $\pi(P)$ ја означува функцијата на профит. Особено $\pi(P)$ е растечка во $P$ за сите цени кои се помали од $P^m$ или монополската цена, и е опаѓачка за сите цени освен за цените на $P^m$. Бидејќи функцијата на политичка поддршка $M(P,\pi)$ е опаѓачка функција на цената $P$ и растечка на профитот $\pi$, политичката поддршка расте во северозападна насока на графиконот т. е. $M_2 > M_1$. Оптималната цена за легислаторот е обележана со $P^*$. Оваа цена лежи помеѓу конкурентната цена каде што профитите се нула $P^c$ и монополската цена каде што профитот е монополски $P^m$ или каде што профитот на индустријата е максимизиран. *Затоа резултатот покажува дека регулаторот нема никогаш да постави цена која го максимизира индустрискиот профит што е спротивно на претпоставките на capture theory.*

Ако рамнотежната цена која индустријата ќе ја постигне е блиску до $P^*$ , тогаш индустријата нема потреба од регулација. Групата на интерес која би вовела регулација тогаш би пресметала дека нема да добие многу со регулацијата, бидејќи цената би била речиси и непроменета. Бидејќи регулаторната цена лежи помеѓу $P^c$ и $P^m$, оттука произлегува дека индустриите кои би биле регулирани најверојатно се многу конкурентните и монополските. И во двата случаи некои групи на интерес ќе добијат многу од регулацијата. Фирмите ќе добијат во случајот со конкурентната индустрија, додека потрошувачите ќе добијат во случајот со монополската индустрија.

Becker моделот се фокусира на натпреварот помеѓу групите на интерес во регулацијата. Бекер претпоставува дека регулацијата ќе ја зголеми благосостојбата на повлијателните групи на интерес. Замислуваме дека постојат само две групи на интерес, 1 и 2. Трансферот на богатство или благосостојба кој би го добила групата 1 преку притисок врз легислаторите и регулаторите го обележуваме со $p_1$ , а притисокот од страна на втората група со $p_2$. Поголем притисок од групата 1 и помал притисок од групата 2 покажува дека групата 1 има поголемо влијание врз политичкиот процес. Поголемото влијание се преведува во тоа што групата 1 ќе добие повисок трансфер на богатство. Ако $T$ го претставува порастот на богатството на групата 1 како резултат на регулацијата, тогаш $T = I(p_1, p_2)$ каде што $I$ е функција на влијание (Influence). И оваа функција $I(p_1, p_2)$ е растечка во притисокот на групата 1 и опаѓачка со притисокот на групата 2. За да се изврши трансфер на сума $T$ кон групата 1, се претпоставува дека богатството на групата 2 мора да се намали за $(1 + x)T$, каде $x \geq 0$. Кога $x > 0$ повеќе богатство е одземено од групата 2 отколку што е траснферирано кон групата 1. Ова богатсво што „исчезнува" е измерено со $xT$ и е загуба на богаство поради регулацијата. Во овој модел влијанието е фиксно. И она што е значајно е дека моделот го зема предвид соодносот на влијанието на една група спрема влијанието на друга група, и овој соодност ја определува регулаторната активност во моделот. Бидејќи притисокот на секоја од групите ги троши премногу ресурсите на секоја група, ниедна група не сака да врши преголем притисок. Но, на пример, ако опадне притисокот од првата група $p_1$, релативното влијание на групата 1 опаѓа, а со тоа и трансферот на богатство спрема оваа група. Оптималното ниво на влијание за групата 1 го обележуваме со $\psi(p_2)$ што значи дека оптималното ниво на прититисок на групата зависи и од притисокот од страна на друга група. И тоа е функцијата на најдобар одговор на групата 1 која и кажува на групата 1 кое ниво на притисок е најдобро ако се земе предвид нивото на притисок на групата 2. На пример, ако се очекува нивото на притисок на групата 2 да биде $\hat{p}_2$, тогаш оптималното ниво на притисок на групата 1 е $\hat{p}_1 = \psi(\hat{p}_2)$. Политичкиот еквилибриум се дефинира како пар на две нивоа на притисок и тоа такви што ниту една од групите на влијание нема поттикнувач да ги промени. Парот $(p_1^*, p_2^*)$ е политичкиот еквилибриум ако имаме дадено дека групата 2 применува ниво на притисок $p_2^*; p_1^*$ што е притисокот што го максимизира богатството на првата група, а $p_1^*, p_2^*$ е нивото на притисок што го максимизира богатството на групата 2.

Задачите од реден број дваесет и еден заклучно со реден број триесет даваат простор да се постави прашањето дали е можно да се поттикнат менаџерите на компаниите кои снабдуваат јавни добра да обезбедат општествено оптимална услуга? Одговорот ќе биде потврден ако договорите може да бидат напишани со награда за менаџерите за достава на овие услуги. Решенијата насочуваат дека за конвенционалните приватни фирми ова функционира преку профитите кои се позитивно поврзани со перформансите и менаџерските поттикнувачи – траењето на работниот однос, унапредувањето и плаќањата поврзани со профитабилноста на фирмите. За монополските јавни услуги експлицитните договори треба да се напишани така што наградите/ казните да се однесуваат на општествено оптималното ниво на услуги и менаџерскиот перформанс да се поврзува со овие поттикнувачи. За приватните монополи проблемот е дека потпишувањето на договорот меѓу фирмата и општеството е тешко. За јавните монополи проблемот е дека поттикнувањето на менаџерите може да биде тешко. Случајот со јавното

партнерство е поцврст кога недоговорена количина е важна (на пример, безбедноста и националната безбедност). Случајот за приватно партнерство е поголем кога моралот (esprit du corps), репутационите ефекти и политичкиот мониторинг на менаџерите се слаби (на пример, со националните телекоми итн.).

Последните задачи покажуваат дека регулативата потекнува од различни извори и во различни области. Корисна е рамката која вклучува типови на регулатори и регулативи, како и области на регулатива кои може да влијаат врз субјектот од интерес (вклучувајќи ја и економијата како ентитет). Рамката ќе помогне во проценката на можните ефекти од новата регулатива. Исто така, може да помогне во проценката на ефектите од регулативата врз различни субјекти. Така, решавањето проблематики кои опфаќаат регулација на цените, финансирање и регулација на индустријата, потенцијалните решенија за екстерналиите, регулација на животната средина, регулација на патенти и финансиска регулација потврдуваат дека при развивањето на прописите, регулаторот треба да ги земе предвид трошоците и придобивките. Во анализата, нето-регулаторниот товар (приватни трошоци намалени за приватните придобивки од регулативата), исто така, може да биде релевантен. Потенцијалните трошоци и придобивки, без оглед на перспективата, може да биде тешко да се проценат. Сепак, критичен аспект на регулаторната анализа е проценката на трошоците и придобивките од регулативата. Значаен предизвик за финансиските регулатори е како да се справат со системскиот ризик (ризикот од неуспех на финансискиот систем) и со последиците од преземањето ризик од финансиските институции. Прашањата како што се регулативата на трудот, регулативата за животната средина и електронската приватност, исто така, добиваат зголемено внимание. Начинот на којшто се развиваат и се применуваат регулативите може да има значително влијание врз бизнисите. Промените во регулаторната рамка и регулаторната несигурност, исто така, може да имаат значителни ефекти врз деловните одлуки. Значи, еден од важните предизвици со кои се соочуваат професионалците во финансиската индустрија е да ги предвидат и разберат последиците од потенцијалните промени во регулаторното опкружување и специфичните регулативи.

Од последните задачи и сценарија студентите треба да понесат неколку клучни знаења. Имено, постоењето на екстерналии создава потреба за регулација. Регулативата се очекува да има општествени придобивки и треба да се процени со помош на анализа на трошоци и придобивки. Регулирањето на пазарите на хартии од вредност и финансиските институции е обемно и сложено поради последиците од неуспесите во финансискиот систем. Овие последици вклучуваат финансиски загуби, губење на довербата и нарушување на трговијата. Фокусот на регулаторите на финансиските пазари вклучува пруденте супервизија, финансиска стабилност, пазарен интегритет и економски раст. Понатаму, задачите во овој ракопис покажуваат дека регулаторната конкуренција е конкуренција меѓу различни регулаторни тела за користење на регулативата со цел да се привлечат одредени субјекти. Ширината на регулирање на трговијата бара употреба на рамка која ги идентификува потенцијалните области на регулација. Оваа рамка може да се упати за да се идентификуваат специфични области на регулатива, и постоечки и очекувани, кои може да влијаат врз субјектот од интерес. Практикумот третира задачи кои покажуваат дека при оценувањето на регулаторните резултати, регулаторите треба да спроведуваат тековни анализи на трошоците

и придобивките, да развијат техники за подобрување на мерењето на овие резултати и да користат економски принципи за да ги водат. Нето регулаторното оптоварување за субјектот од интерес е важен предвид за аналитичарите. Исто така, со обработката на споменатите теми преку задачи и поставување проблематики, авторите на практикумот прават значаен чекор за потемелно запознавање на студентите со проблематиката на економијата на регулација (објаснувајќи ги причинско-последичните врски од нивните промени преку примери и решенија). Овој практикум ќе им овозможи на студентите да бидат корективи во системот, да бидат способни да ги идентификуваат позитивните сегменти, а истовремено да ги детектираат пропустите, со што се креира свест како треба да функционира општествениот систем во една земја. Тргнувајќи од значајноста на овој ракопис, неговото разбирливо, систематично презентирање на задачите и нивните решенија, како и врз основа на нашата детална анализа на содржината, го даваме следниот

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот „ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА“, поднесен од авторите проф. д-р Душко Јошески и проф. д-р Татјана Бошков, претставува успешно презентирање на теоријата преку задачи и решенија во кои е презентирано суштинското значење на потребата од регулација во економијата, притоа задоволувајќи ги критериумите за објавување. Авторите, јасно и конзистентно преку примери, даваат економско образложение на регулативата, вклучувајќи го и начинот на кој регулативата ја подобрува правичноста на пазарите и се однесува на опасноста за општеството од неуспех на финансискиот систем. Тие, исто така, обезбедуваат преглед на регулаторите, алатките со кои располагаат и како работата на регулаторите ширум светот е меѓусебно зависна. Исто така, практично ја прикажуваат проценката на трошоците и придобивките од регулативата и ги истакнуваат можните сценарија и/ или дилеми што произлегуваат од спроведувањето на регулативата.

Практикумот е конципиран по однапред утврдени наставен план и програма, и е напишан со разбирлив стил. Практичната елаборација на оваа материја ќе им помогне на студентите не само да ја разберат суштината на економијата на регулација и нејзината важност за една земја туку и да можат да ги дијагностицираат и ги решаваат нејзините евентуални промени. Тоа значи дека овој практикум ќе биде полезен не само за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика на студиските програми Бизнис логистика и Бизнис логистика и администрација туку и за пошироката јавност која има интерес за оваа проблематика. Од оваа причина, препорачуваме практикумот да биде објавен.

Како Рецензентска комисија имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика ракописот „ЕКОНОМИЈА НА РЕГУЛАЦИЈА“ од авторите проф. д-р Душко Јошески и проф. д-р Татјана Бошков да го прифати како практикум со цел да се користи во наставата по предметите Државна регулација и Економија на регулација, кои се изучуваат на студиските програми на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Мичо Апостолов, редовен професор,

Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ “GRÜNDUNG DER UNABHÄNGIGEN REPUBLIK MAKEDONIEN INNENPOLITISCHE LAGE UND AUßENPOLITIK” ОД АВТОРИТЕ ВОНР. ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МАРОЛОВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП И М-Р ОЛИВЕР МИТЕВ**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 1102-64/7 од 240. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет одржана на ден 11.4.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

1. Редовен. проф. д-р Страшко Стојановски, Правен Факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Вонр. проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска, Правен Факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај за приложениот ракопис.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** “GRÜNDUNG DER UNABHÄNGIGEN REPUBLIK MAKEDONIEN” со поднаслов “INNENPOLITISCHE LAGE UND AUßENPOLITIK” е интердисциплинарна монографија која може да се користи како извор на дополнителна литература при изработка на трудови од истражувачи на ниво на дипломски работи, магистерски трудови и докторски дисертации.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот се состои од 377 страници формат А5, 5 илустрации, пишуван во фонд Times New Roman, со големина на букви 12, со 159 библиографски единици. Ракописот, според обемот и содржината целосно е во согласност со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** На правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е објавена монографија со наслов „Создавањето на независна Република Македонија, внатрешни состојби и надворешни предизвици“ на македонски јазик од истите автори во 2016 година. Новата монографија е превод на претходно објавената монографија, овојпат на германски јазик.

Овој ракопис ќе може да се користи и да биде бесплатно достапен за студентите на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е сочинет од 4 основни поглавја вклучително и предговор, вовед, заклучок и користена литература.

Првото поглавје носи наслов “DER ZERFALL DER SFRJ”, односно „РАСПАЃАЊЕТО НА СФРЈ“ во превод на македонски јазик.

Во ова поглавје авторите се обидуваат да ги лоцираат причините за распадот на СФРЈ. Во овој контекст се обработува Уставот на СФРЈ од 1974 година и неговото влијание врз трансформацијата на федерацијата. Особено внимание се

посветува на постоечките внатрешни превирања кои стануваат се поочигледни по смртта на доживотниот претседател Јосип Броз Тито. Во овој дел се обработуваат и распаѓањето на федералните тела и органи што, пак, неминовно водеше и кон распад на самата федерација. Конечно, се обработуваат и определени теории на заговор во контекст на нивната (не)издржаност како причини за распадот на Југославија.

Второто поглавје носи наслов "UNABHÄNGIGKEIT DER REPUBLIK MAKEDONIEN", односно „ОСАМОСТОЈУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" во превод на македонски јазик.

Во овој дел авторите прават обид да го прикажат целокупниот процес на осамостојување кој имаше за цел создавање на независна држава. Како елементи на овој процес се обработуваат и првите повеќепартиски избори, Декларацијата за независност како и Одлуката за референдум. Преку поделба на безбедносните ризици на внатрешни и надворешни, авторите ги анализираат главните закани по процесот на создавањето на новата независна држава.

Третото поглавје носи наслов "INTERNATIONALE ANERKENNUNG DER REPUBLIK MAKEDONIEN", односно „МЕЃУНАРОДНОТО ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" преведено на македонски јазик.

Овој дел е посветен на исклучително тешкиот и уникатен процес на признавање со кој се соочи младата македонска република. Акцентот се става на зачленувањето во ООН и спорот со соседна Грција. Во овој дел неминовно се обработува и македонската надворешна политика како и степенот на (не)успешност на справување со надворешно-политичките предизвици на македонската дипломатија. Станува збор за временска рамка од осамостојувањето до постигнувањето на времената спогодба со Грција од 1995 година.

Конечно, четвртото поглавје носи наслов "DIE BEZIEHUNGEN ZWISCHEN EU UND USA IM ZUSAMMENHANG MIT DER AUFLÖSUNG JUGOSLAWIENS UND IHRE POLITIK GEGENÜBER MAKEDONIEN", односно „ОДНОСОТ НА ЕУ И САД КОН РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА И НИВНИТЕ ПОЛИТИКИ КОН МАКЕДОНИЈА ВО ОВОЈ КОНТЕКСТ" преведено на македонски јазик.

Токму како што насловот на ова поглавје сугерира, во овој завршен дел се прави анализа на политиките на ЕУ и САД кон распаѓањето на СФРЈ. Секако, претходново се прави со акцент на нивното влијание врз Република Македонија. Конечно, следува заклучокот и користената литература.

## ЗАКЛУЧОК

Сметаме дека станува збор за квалитетна монографија која ќе им биде од помош на студентите и истражувачите од Правен Факултет, но и многу пошироко, особено за странските студенти со познавање на германски јазик како и студентите на размена кои доаѓаат преку Еразмус програмата. Исто така, сметаме дека ракописот ги задоволува критериумите за објавување и заради сето претходно даваме позитивна рецензија и предлог за објавување на ракописот.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Страшко Стојановски, редовен професор,

Д-р Ана Никодиновска Крстевска, вонреден професор.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА МИТЕВА-КАЦАРСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1202-56/7 од 234. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет одржана на ден 23.3.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

1. Проф. д-р Весна Георгиева Свртинов, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
2. Проф. д-р Влатко Пачешкоски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај за приложениот ракопис „**НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА**" од **проф. д-р Емилија Митева-Кацарски**, наменет за студентите од прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Надворешна трговија" од проф. д-р Емилија Митева-Кацарски претставува заокружена целина која ги анализира теоретските и методолошките концепти во надворешната трговија и која студентите ја изучуваат на истоимениот предмет – Надворешна трговија. Учебникот е наменет за изучување на наведениот предмет од страна на студентите од: прва студиска година (втор семестар) на насоката Финансии, каде предметот Надворешна трговија се јавува како задолжителен, со неделен фонд на часови 2+2+1 и ВО (вкупна оптовареност) од 180 часови, 6 кредити; трета година (шести семестар) на насоката Бизнис економија, каде предметот е задолжителен, со неделен фонд на часови 2+2+1 и ВО (вкупна оптовареност) од 180 часови, 6 кредити; и трета година (шести семестар) на насоката Сметководство и ревизија, каде предметот е задолжителен, со неделен фонд на часови 2+2+1 и ВО (вкупна оптовареност) од 180 часови.

**Податоци за обемот ракописот:** Учебникот содржи 312 страници, со повеќе табели, графикони и практични примери кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа практична проблематика. На последната страница се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на надворешната трговија. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите во согласност со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебник кој од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите подобро разбирање на причините кои доведуваат до меѓународна размена, придобивките од надворешнотрговската размена, ефектите од ограничувањето на надворешнотрговската размена, ефектите од процесот на либерализација на надворешнотрговската размена, важноста и функционирањето на регионалните интеграции, движењето на стоките, услугите, капиталот и работната сила, како и важноста на надворешнотрговската размена за националната економија. Значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоката Бизнис економија, имајќи го предвид фактот дека надворешната трговија овозможува целосно искористување на расположливите ресурси, полесно остварување на економија од обем, поттикнување на конкурентноста, иновативноста и инвестирањето, како и зголемена благосостојба за националната економија како целина. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите преостанати субјекти кои имаат интерес за оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:** Содржински, трудот е конципиран во 6 засебни глави кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Во првата глава е извршена анализа на теориите за меѓународна трговија, преку чие проучување се настојува да се даде одговор на прашањето зошто земјите тргуваат меѓусебно, односно што е она што го определува обемот, правците и структурата на меѓународната размена.

Во втората глава извршена е анализа на субјектите на меѓународната трговија, при што националните економии, кои во повеќето случаи се и суверени држави, се главни субјекти на меѓународната трговија. Тие се јавуваат во улога на регулатори на деловните процеси во меѓународната трговија. Анализирани се и носителите на деловните процеси во меѓународната трговија, како што се претпријатијата и поединците (претприемачите) и чијшто мотив е остварувањето на профит и личното збогатување.

Во третата глава се обработени карактеристиките на четирите видови економски трансакции во надворешнотрговската размена и тоа: меѓународното движење на стоки, меѓународното движење на услуги, меѓународното движење на капитал и меѓународното движење на работна сила.

Четвртата глава е посветена на билатералните, регионалните и мултилатералните аспекти на меѓународната размена, особено потенцирајќи го процесот на креирање на мултилатералниот трговски систем, почнувајќи од потпишувањето на Општата спогодба за царини и трговија па с̀ до неговото институционализирање со формирањето на Светската трговска организација.

Во петтата глава е извршена анализа на инструментите на надворешнотрговската политика и тоа царините и нецаринските бариери. Посебен акцент во оваа глава е ставен на нецаринските бариери како најважен регулативен инструмент на трговската политика на многу земји, посебно на големите и развиени економии, како и на процесот на нивното мултилатерално регулирање.

Шестата глава се однесува на учеството на нашата земја во меѓународната трговија, при што е извршена анализа на регионалните и преференцијалните трговски договори на РСМ како и на трговските перформанси на земјата.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката поврзана со надворешната трговија, сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ги разберат основните карактеристики на современите економски текови во меѓународната размена, новите правила на кои се темели мултилатералниот трговски систем, важноста на инструментите на надворешнотрговската политика, како и улогата на нашата земја во надворешнотрговската размена.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот „НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА“ од проф. д-р Емилија Митева Кацарски претставува материја која содржи теоретско-методолошка анализа на надворешната трговија. Авторот извршил успешна анализа на теоретските консидерации поврзани со меѓународната трговија, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и да им помогне да ги научат обележјата на современите текови во меѓународната размена, прифатените билатерални и мултилатерални обврски, како и важноста на трговските бариери како еден од основните елементи со кои се објаснуваат сложените поими во меѓународната размена, без оглед на тоа дали на овие бариери се гледа како на непотребни пречки кои нѐ одвојуваат од идеалот на слободна трговија или, пак, спротивно, како на орудие со кое успешно се штити просперитетот на националната економија. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на преостанатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На другите заинтересирани лица, кои практично се инволвирани во прекуграничната трговија и првенствено надлежни во креирањето и имплементирањето на надворешнотрговските политики, овој материјал ќе им помогне да ги пронајдат релевантните одговори на клучните прашања од областа на меѓународната размена.

Со оглед на големата важност на надворешнотрговската размена за една национална економија, сметаме дека трудот ќе даде голем придонес како за студентите, така и за пошироката стручна јавност. Од оваа причина, препорачуваме учебникот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме учебникот со наслов „Надворешна трговија“ од проф. д-р Емилија Митева Кацарски да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Весна Георгиева Свртинов, редовен професор,
Д-р Влатко Пачешкоски, вонреден професор.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 15.5.2023 година. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| **П Р А В Е Н ФАКУЛТЕТ** | 1. Критериуми за определување надомест на нематеријална штета во македонското и споредбеното право | 1102-75/19 од 10.5.2023 г. | Вонр. проф. д-р Марија Амповска | Зорица Јакимовска |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | 2. Импликација на менаџментот на човечки ресурси врз перформансите на организациите од приватниот сектор | 1202-67/6 од 10.5.2023 г. | Проф. д-р Еленица Софијанова | Марија Ангелова |